# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија,

одржана на 24 јануари 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја отворам 90-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елеонора Петрова - Митевска, Ванчо Георгиев, Есад Рахиќ, Мендух Тачи, Илијаз Халими, Џевдет Насуфи, Илија Србиновски, Ганка Самоиловска - Цветановска, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Никола Груевски, Сашко Ќедев, Али Ахмети, Рафиз Алити, Теута Арифи, Исмет Рамадани, Зоран Крстевски, Абдулади Вејсели и Гајур Сарач, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејќи во салата имаме некаде околу 20 пратеници, не ќе можеме да обезбедиме кворум за дневниот ред, затоа продолжуваме со седницата во 12,00 часот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата имаме 61 пратеник.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Според системот за гласање притиснале 57 пратеници.

Ги молам службите нека го утврдат бројот на пратениците во салата, заради јавноста и заради некој ако има забелешки.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собраниетои дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, претседателите на апелационите судови во Скопје и Штип, претседателите на Основните судови во Берово, Битола, Виница, Кавадарци, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Неготино, Ресен, Радовиш и Свети Николе и претседателот на Советот за радиодифузија.

Записниците од 85-та, 87-та и 89-та седница на Собранието, Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема).

Бидејќи никој нема забелешки на записниците, констатирам дека записниците од 85-та, 87-та и 89-та седница на Собранието, се усвоени без забелешки.

Ве известувам дека г-динот Хисни Шаќири, поднесе оставка на функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Согласно член 111 став 1, од Деловникот на Собранието на Република Македонија, секој носител на јавна функција што го избрало и именувало Собранието, може да ја образложи оставката во траење од 15 минути.

Потпретседателот на Собранието ме извести дека сакам усно да ја образложи поднесената оставка.

Има збор г-динот Хисни Шаќири.

Повелете господине Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министрти, претседатели на судови, основни судови, новинари и сите присутни во салата,

Дами и господа, моето јавување на говорницата е во функција на објективно информирање за причините на мојата оставка од местото потпретседател на Собранието на Република Македонија и моето излегување од ДУИ. Сето тоа е во функција на избегнување на коментари и разни потези кои имаат за цел на ова прашање да му дадат конотација и сосема друга насока, која воопшто не одговара на реалноста.

Почитувани пратеници, ќе се обидам со факти и конкретни аргументи да ја претставам вистината околу мојата оставка, затоа што сум длабоко убеден дека многу лица многу малку знаат за ова прашање. Затоа целиот мој говор ќе го концентрирам на оние точки за кои сум убеден дека јавноста има потреба да се информира.

Јас оваа прилика нема да ја искористам за да правам театрални сцени, или пак да создадам забуна за многу ниски цели што има за основа тесни персонални и лични интереси кои водат кон избегнување на реалноста, туку моето образложение за оставката сакам да служи како забелешка за направените грешки досега во ДУИ да не се повторат. Ова образложение го давам пред вас, затоа што тоа за мене претставува морална обврска. Вие бевте тие кои со вашиот глас ме избравте на ова место. Тоа истовремено ќе служи и за објаснување пред елекоратот за одлуката која ја добив во текот на парламентарните избори. Длабоко сум убеден дека моите зборови кои ќе ги кажам и кои се надоврзуваат на мојата оставка, за некого може да изгледаат многу тешки и болни. Меѓутоа, гледано начелно, сепак работите треба да се разјаснат и треба да се кажат со

вистински зборови и да не се остави понатамошен вакум за манипулации. Овие зборови ги кажувам затоа што последните днеови сме сведоци на коментари и разни новинарски коментари, посебно на македонски јазик кои оставаат да се разбере манипулативната намера на овој акт, нарекувајќи ме како поддржувач на оваа или онаа група, на ова или она крило, или на оваа или онаа политичка опција. Сето тоа е поради недостаток на информации. Затоа моето претставување е во функција на вистинско и правично информирање.

Почитувани пратеници, групациите во ДУИ се за создавање на одредени раководни структури кои тежнеат тесните и лични интереси и интересите кои се во судир со основните начела на нормалното и демократко функционирање на една политичка партија, заборавајќи ги и избегнувајќи ги интересите на граѓаните. Сето тоа се надоврзува со една појава која е многу негативна, на одредени лица внатре во партијата кои преку одредени позиции внатре во партијата со политичко фаворизирање , приближувајќи ги нивните блиски, имаат намера за материјално збогатување со разни форми и начини. Ви давам до знаење вас и на целата јавност во Македонија и надвор од Македонија дека сето тоа што ќе го кажам од оваа говорница, за овој проблем, подготвен сум и за дополнителни расправи кои уште повеќе ќе ја расветлат оваа работа.

Јас Хисни Шаќири ќе продолжам и понатаму да бидам во функција на општите и заедничките интереси, меѓутоа, не и на една партиска политика која во себе вклучува индивидуални интереси. Јас, никогаш мојата функција не сакам да ја третирам како инструмент за реализирање на тесни лични или групни интереси. Меѓутоа, за жал, овие негативни појави продолжуваат да бидат и понатаму основен репер на ориентирање во “политиката” на раководните структури во ДУИ.

Дами и господа, дозволете сега да се сконцентирам на конкретните прашања кои ме натераа да дојдам до овој акт на оставка. Искрено да ви кажам, без двоумење, воопшто не се радував на тоа што го имав предвид фактот дека јас имам многу поголема одговорност, во споредба со другите пратеници, бидејќи доаѓам од зона која беше многу разрушена од војната во 2001 година. Меѓутоа, иако во овој момент ценам дека е болно решение, многу болно решение, јас сум длабоко убеден дека не е и срамно решение, кога го имам предвид фактот зошто излегувам од ДУИ.

Дозволете ми да ги претставам фактите во форма на прашања и одговори.

Прво, каде е вистината за проблемите кои се јавија во гранката во Куманово, прашање кое поттикна голем интерес во сите медиуми во Македонија, сеуште не е разрешено и разјаснето и останува енигматско прашање.

Второ, прашањето во однос на кадровската политика,

Трето, инвестирањата и развојната политика во кризните зони,

Четврто, досегашната политика на ДУИ околу појавите кои се надоврзани со корупцијата,

Петто, јас како пратеник на изборната едница 2, мојата политичка сила како припадник на коалицијата и како пратеник на ДУИ.

Почитувани пратеници, вистината за проблемот кој се јави во Кумановската гранка стои. Во јуни месец имаше изборно Собрание на гранката. Факт е дека никаде досега немало изборно собрание, во ниеден друг град.

1. Барам одговор од самиот Али Ахмети, зошто само во Куманово се одржа изборна седница, која беше целата на одржување на ова Собрнаие и што се сакало да се постигне со оваа седница. Јас имам одговор, меѓутоа нема да го кажам, бидејќи не сум учесник на оваа работа во Куманово.

2. Моите забелешки за ДУИ се во однос на раководната кадровска политика што досега има предизвикано незадоволство кај голем дел од припадниците на ДУИ и кај граѓаните во Република Македонија.

Во текот на изборот на политичките функционери и на службениците во сите ешалони досега, многу малку дошле до израз вредностите, квалитетот на луѓето, нивната стручност, нивните одговорности и способности.Тоа се случило, од причина што имало непотизам и херметичко затворање на партијата, не почитувајќи ги воопшто основните критериуми на конкурентноста. Убеден сум дека со такви кадри не ќе може воопшто работите да одат напред и никако нема да бидеме во функција на процесите кои моментално се развиваат во Република Македонија.

3. Сакам да ги претставам моите незадоволства со развојната политика и со инвестирањата во кризните зони. Тука пред се мислам дека ДУИ како учесник во власта не покажа потребен интерес за да се помогнат граѓаните во зоните опфатени со конфликтот. Значи, мое мислење е дека во овие зони, разрушени, уништени, неразвиени, се инвестирало многу малку.

4. Корупцијата како појава. Зачи, ДУИ на почетокот се заложи дека ќе се бори со сите политички средства. За жал, со актот на оставка на премиерот Костов, обвинението го насочи токму кон луѓето од ДУИ. Очекував на аргументиран начин да се демантира ова тешко обвинение. Меѓутоа, за жал оваа партија немаше сила и смелост да го направи тоа.

Дами и господа сета оваа создадена ситуација им остави на медиумите да одат со коментари и напишани наслови во весниците, се прашања кои ме натераа да дадам оставка, јас како пратеник на изборната единица број 2, која е најоштетен дел од војната.

Секогаш сум бил соочен со тешки проблеми на граѓаните од мојата изборна единица. За жал сите мои барања за разрешување на сите проблеми наишле на пречки и на глуво уво, токму од партиските структури на кои досега им припаѓав.

На крајот сакам да се заблагодарам на претседателот на Парламентот г-динот Љупчо Јордановски за соработката во текот на овој период. Исто така, оваа соработка и како независен пратеник нема да недостасува, преку мојата полна поддршка на Охридскиот договор и на сите законски акти во однос на реформите и демократски и интегрирачките процеси во Република Македонија, во ЕУ и НАТО. Значи, овие процеси секогаш ќе имаат моја полна поддршка.

Благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Шаќири.

Со тоа констатирам дека на г-динот Хисни Шаќири му престанува функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија го повлече предлогот за донесување на закон за електронски комуникации, со предлог на закон.

Ве известувам дека Борис Јанкуловски, поднесе оставка на функцијата судија поротник во Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Констатирам дека на г-дин Борис Јакуловски му престанува функцијата судија поротник на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Советот за радиодифузија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за локалните избори во 2005 година.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Го молам претставникот на Советот за радио дифузија да ја образложи основната и неодложна потреба, предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претставникот на Советот за радиодифузија, заменикот на претседателот.

Повелете господине Ајдини.

ИЛИР АЈДИНИ:

Причините поради кои предложивме оваа предлог одлука да се разгледа на оваа седница се слендите:

Прво, согласно член 30 став 4 од Законот за измени и  дополнувања на Законот за локални избори, Собранието треба да ја објави одлуката најдоцна 40 дена пред денот

определен за изборите, тоа е 1 февруари, што значи дека би требало да биде претходно усвоена.

Освен тоа, со одлуката се утврдува дека јавните гласила се должни, врз основа на одредбите на одлуката, да донесат сопствени правила во рок од три дена. Овие правила медиумите треба да ги објават заедно со ценовниците за платена политичка програма, со цел организаторите на изборната кампања да можат на време да го испланираат своето медиумско претставување. Оттаму, за да може да се запазат овие рокови, а и подготовките за кампањата да можат сите субјекти да ги извршат на време, сметавме дека е најцелисходно одлуката да се усвои  на денешната седница.

Ако ми дозволите да напоменам. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има точка на дневен ред за расправа, па можете, тоа што сакате тоа да го кажете да го кажете тогаш. Сега ја образлагавте само итноста.

Предлогот на Советот за радио дифузија, предлогот на Одлуката да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 69 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија; Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивните заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија; Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија; Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател и потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата и Предлогот на одлуката за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го извршиме за секој предлог одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Каме Петров.

Повелете господине Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам господине претседателе.

Колешки и колеги пратеници,

За денешната седница на Собранието на Република Македонија Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага под итна постапка да се донесат, како што рековте, неколку утврдени одлуки. Станува збор за предлогот на оваа седница да се изврши избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија врз основа на легитимен предлог од една пратеничка група, како и да се донесат одлуки за избор и именувања на одделни претседатели и членови на работни тела на Собранието, односно на органи чиј избор го врши исто така ова Собрание. За кои точки се работи мислам дека веќе стана збор, вие истите ги потенциравте во вашето искажување, а истите во писмена форма се доставени и до пратениците.

Затоа, врз основа на одредбите на Деловникот, поточно врз основа на членот 66, мислам дека поради итноста и неодложноста овие точки треба да бидат ставени на разгледување и усвојување на денешната седница на Собранието.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Петров.

Предлогот на Комисијата Предлогот за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 пратеника гласале за, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивните заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61пратеник, 60 пратеници гласале за, 1 воздржано, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 пратеници гласале за, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 пратеници гласале за, 1 воздржано и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 пратеници гласале за, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување на локалните избори во 2005 година.
2. Предлози за разрешување на судии на Врховниот суд на Република Македонија;
3. Предлог за разрешување на претседател на Основниот суд во Струмица;
4. Предлог за избор на судии поротници во Апелациониот суд во Скопје;
5. Предлог за избор на судии поротници во Апелациониот суд во Штип;
6. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Берово;
7. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Битола;
8. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Виница;
9. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Кавадарци;
10. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Кочани;
11. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Кратово;
12. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Крива Паланка;
13. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Неготино;

14. Предлог  за избор на судии поротници во Основниот суд во Ресен;

15. Предлог за избор на судија поротник во Основниот суд во Радовиш;

16. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Свети Николе;

17. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа;

18. Предлог на одлука за изменување на Одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивните заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;

20. Предлог на одлука за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;

21. Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата;

22. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје;

23. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Дебар, Кочани, Радовиш, Скопје И - Скопје, Скопје И И - Скопје и Струмица;

24. Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија;

25. Предлог на закон за заштита на лични податоци;

26. Предлог на закон за оружје;

27. Предлог  за донесување на закон за заштита на сведоци;

28. Предлог за донесување на закон за слободен пристап до информации од јавен карактер;

29. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска во контекст на приближување и пристапување во Европската Унија, со Предлог на закон;

31. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за основање Културно-

информативен центар на Република Македонија во Софија и Културно-информативен центар на Република Бугарија во Скопје, со Предлог на закон;

32. Предлог на закон за користење и располагање со стварите на државните органи;

33. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

34. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, со Предлог на закон.

35. Предлог за донесување на закон за амнестија, со Предлог на закон и

36. Барање за давање на автентично толкување на член 95 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), поднесено од градоначалникот на општина Штип.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Нема.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 66 пратеници гласале за, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали има предлог за промена на редоследот на точките од дневен ред?

Бидејќи нема, констатирам дека претходно усвоениот дневен ред е конечен дневен ред и вие ќе го добиете испечатен во текот на седницата.

Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за локалните избори во 2005 година.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Повелете, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Блаже Стојановски.

ИЛИР АЈДИНИ:

Само би напоменал дека содржината на оваа одлука што денес е на дневен ред не е нешто ново. Одредбите се резултат на искуството од следењето на сите изминати изборни кампањи, прилагодени на спецификите на овие локални избори. Во одлуката се вградени сугестиите од експертизите што веќе неколку години со ред се вршени од ОБСЕ, Советот на Европа, Артико 19, Меѓународната фондација за изборни системи и други меѓународни организации.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете Господине Стојановски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, прво, факт е дека ваква одлука е неопходно да донесе Парламентот, впрочем, таква обврска има и согласно законот, а прашањето **е зошто по** итна постапка односно на ваков начин се поставува одлуката. Како што слушнавме од претставникот на Советот за радиодифузија, тие на 29 декември минатата година ја имаат усвоено оваа одлука за рамноправен пристап во медиумското претставување за локалните избори во 2005 година, навистина може да претставува една работа која не мораше да се случи на овој начин. Меѓутоа, факт е дека оваа одлука што ни е доставена има е рестриктивни работи кои се однесуваат пред се на работењето на приватните или трговските радиодифузни друштва, затоа што е факт дека нивното функционирање во голем дел зависи од нивната можност за реализација на политички програми за презентација на кандидатите на листи на советниците и кандидатите на листи за градоначалници и можноста за платена политичка програма во контекст на локалните избори во 2005 година.

Она што ми падна во очи во оваа одлука се однесува на неколку членови од оваа одлука. Првата работа е во однос на обврските кои што се наведени, односно кои се обврски на радиодифузните друштва, кои се обврските кои што ги имаат трговските радиодифузни друштва. Меѓутоа факт е дека многу е битен и начинот на санкционирањето на непочитувањето оваа одлука и тоа да биде во еден брз или кус временски период  затоа што штетата која што се прави со непочитувањето на предложената одлука односно на одредбите во оваа одлука директно влијае на изборниот процес затоа што медиумите претставуваат еден многу битен фактор во реализација на локалните избори. Значи тргнуваме од тој аспект за што е она што претставува обврска на трговските радиодифузни друштва, како и на јавните радиодифузни друштва.

Во членот 8, кој се однесува на бесплатното претставување, во ставот 2 стои дека дебатните и други видови емисии во кои претставници на организаторите на изборна кампања или кандидатите меѓусебно дебатираат за одделни прашања или ги соочуваат своите ставови не спаѓаат во бесплатно медиумско претставување. Дали тоа претставува дел од уредувачката поликата која што е оставена на трговските радиодифузни друштва сами да одлучуваат за времетраењето на овие дебатни емисии, затоа што ако го погледнете во контекст на овој член 8 членот 13 кој што се однесува на платено

политичко рекламирање ќе забележите дека интервјуа и дебатни емисии со претставници на организатори на изборна кампања или со кандидати не можат да се реализираат како платено политичко рекламирање.

Значи, имаме неможност дебатните емисии да претставуваат платено политичко рекламирање што е и во ред, затоа што јас не знам на кој начин би било тоа платено, треба да се усогласат учесниците, кандидати кои што меѓусебно конкурираат на овие локални избори, а од друга страна бесплатното медиумско претставување на вакви дебатни емисии е забрането. Значи не може бесплатно, не може ни платено. Дебатните емисии согласно ова како што се гледа овде би биле забранети ако не спаѓаат во делот кој што им е оставен во рамките на уредувачката политика на секое посебно радиодифузно друштво.

Понатаму, во членот 10 ставот 1 стои дека "трговските радиодифузни друштва самостојно одлучуваат дали за организаторите на кампања подносители на листи на кандидати ќе им отстапат бесплатно време за медиумско претставување". Ако веќе некој се вклучува во изборниот процес и има можност за емитување на платено политичко рекламирање или платена политичка програма јас не ја гледам логиката да нема обврска за оние кои што прибираат средства по основ на реализација на локалните избори и да имаат обврска за бесплатно време за медиумско претставување на организаторите на изборните активности, односно кандидатите, зборувам во однос на изборната кампања која што треба да ја спроведуваат.

Во членот 13 ставот 2 стои дека дирекни преноси и снимки од митинзи, конвенции и други јавни собири на организаторите на изборна кампања и на кандидатите може да се емитуваат само во форма на платено политичко рекламирање, што не е спорно. Меѓутоа овде е спорно нешто друго. Дали овде спаѓа - односно не е прецизирано ако можам така да кажам - и можноста на трговските радиодифузни друштва, пред се нивни, меѓутоа се работи и за јавните радиодифузни друштва, дали може во однос на нивните информативни програми да емитуваат, дали директно би се вклучиле или како снимки од митинзите, конвенциите и другите јавни собири на организаторите на изборната кампања. Значи на овој начин како што е напишано овде навистина стои нејасно ова прашање затоа што тоа би било само во рамките на некакво платено политичко рекламирање а не како информирање на граѓаните од овие собири односно лимити кои што би биле во рамките на информативните програми. Ова може да се гледа и од друг аспект. Ако веќе се остава во информативните програми тогаш навистина треба да се види една информативна програма колку може да покрие за да може на тој начин рамноправноста на учесниците во изборниот процес да биде релевантно поставена.

Да се вратам на членот 12. Електронските медиуми на организаторите на изборна кампања односно на кандидатите можат да им отстапат време за платено политичко рекламирање под еднакви услови за пристап и начин на плаќање. Терминот "можат" може да се толкува како: иако некои учесници во изборниот процес сакаат да имаат платено политичко рекламирање во одредено трговско радиодифузно друштво, независно дали тој термин или временскиот лимит кој што му е поставен согласно законот и согласно оваа одлука можат да кажат дека за некој учесник во изборната кампања едноставно нема да им отстапат време за нивно рекламирање. Значи тие треба да имаат обврска, во рамките на она време кое им е дадено на располагање со оваа одлука, доколку тоа не е ангажирано од страна на друг учесник во изборниот процес да мора на оној кој што побарал да му обезбедат платено политичко рекламирање.

Понатаму, во членот 15 ставот 3 во однос на времетраењето на секој од кусите облици и на долгите облици на политичко рекламирање стои дека, по секој од долгите облици на политичко рекламирање во членот 12 став 3 треба да измине период од најмалку 20 минути. Меѓутоа, дали тоа значи дека ако има платено политичко рекламирање на еден учесник во изборниот процес и платено рекламирање на друг учесник во изборниот процес, дали и тогаш е неопходно да поминат овие 20 минути. Затоа што факт е дека 20 минути е неопходно да поминат доколку тоа се однесува на ист кандидат, или воопшто политичката програма, односно долгите облици што значи извештаи од собири, митинзи и тн. не можат воопшто да бидат подолги од 20 минути, односно да бидат меѓусебно одделени така да кажам во временски период од 20 минути. Треба и тоа да се разјасни. Сепак, сметам дека начинот на кој што треба да дејствува, ингеренциите кои што треба да ги имаа Советот за радиодифузија, исправките кои што треба да се однесуваат, тука има одредби кои што се однесуваат на таа проблематика, затоа што доколку се изнесе невистинита, навредлива, или незнам каква друга информација за некои од учесниците во изборниот процес, а кој има право во рок од три дена да побара исправка и тоа треба да биде драстично санкционирано. Јас мислам дека можеби подобро би било Советот за радиодифузија да си ја земе таа обврска, односно исправките да ги доставува преку него до куќата која што ги презентирала, затоа што на тој начин навистина ќе биде лоцирана одговорноста и на Советот за радиодифузија, затоа што фактички тој е должен да ја следи реализацијата на оваа одлука и на законските одредби кои што се однесуваат на пристапот во медиумското претставување на локалните избори. Тоа би сакал да го кажам накратко. Колку што можев да забележам сигурно има и некои други работи кои што можат да претставуваат дилеми. Посебно тука се работи за сакнциите и за оперативноста во изрекувањето и во

примената на тие санкции за непочитување на оваа одлука што треба Советот за радиодифузија како еден орган кој што е задолжен за оваа проблематика да си ја преземе како обврска и за тоа да даде еден извештај после завршувањето на избори за почитувањето на одлуката за рамноправен пристап. Затоа што ако веќе се дава обврска на одреден државен орган кој што е избран од ова Собрание, треба и повратно да ги видиме проблемите кои што се појавиле и на тој начин да утврдиме што е тоа што треба да се дополнува, поправа и тн., односно фактички да го усвоиме извештајот за реализација на оние ингеренции кои што ги има Советот за радиодифузија во поглед на реализацијата на изборниот процес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, 44 гласале за, 5 воздржани, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

За време на гласањето во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за локалните избори во 2005 година.

**Минуваме на точката 2 Предлог за разрешување на судии на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлозите ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот Љубинка Муратовска Маркова да биде разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Љубинка Муратовска Маркова да биде разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, 47 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Љубинка Муратовска Маркова е разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по Предлогот д-р Симеон Гелевски да биде разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот д-р Симеон Гелевски да биде разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 58 за, нема воздржан, 1 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека д-р Симеон Гелевски е разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија, по лично барање.

Минуваме на точка 3 - Предлог за разрешување на претседател на Основниот суд во Струмица.

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ѓорѓи Маневски да биде разрешен од функцијата претседател на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 54 гласале за, 3 воздржани, 2 против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Ѓорѓи Маневски е разрешен од функцијата претседател на Основниот суд во Струмица, по лично барање.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за избор на судии - поротници во Апелациониот суд во Скопје.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 54 гласале за, 4 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека за судии поротници во Апелациониот суд во Скопје се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за избор на судии - поротници во Апелациониот суд во Штип.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор за судии - поротници во Апелациониот суд во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 53 гласале за, 5 воздржани, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека  за судии - поротници во Апелаџиониот суд во Штип се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за избор на судии - поротници во Основниот суд во Берово.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии - поротници во Основниот суд во Берово го ставам на гласање

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 52 пратеника гласале за, 4 воздржани, нема против.

Во салата се присутни  63 пратеника.

Констатирам дека за судии - поротници во Основниот суд во Берово се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 7 - Предлог за избор на судии - поротници во Основниот суд во Битола.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии - поротници во Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале  56 пратеници, 54 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека за судии - поротници во Основниот суд во Битола се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за избор на судии - поротници во Основниот суд во Виница.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии - поротници во Основниот суд во Виница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 54 гласале за, 4 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека за судии - поротници во Основниот суд во Виница се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за избор на судии  - поротници во Основниот суд  во Кавадарци.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара зб ор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии - поротници во Основниот суд во Кавадарци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам за судии - поротници во Основниот суд во Кавадарци се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за избор на судии - поротници во Основниот суд во Кочани.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии - поротници во Основниот суд во Кочани го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 57 гласале за, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека за судии - поротници во Основниот суд во Кочани се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за избор на судии - поротници во Основниот суд во Кратово.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии - поротници во Основниот суд во Кратово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 55 гласале за, 5 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека за судии - поротници во Основниот суд во Кратово се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 12 - Предлог за избор на судии - поротници во Основниот суд во Крива Паланка.**

Предлогот и исправката на Предлогот ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе. Генерално во однос на сите овие предлози кои ги имаме пред нас, јас и минатиот пат кога беа предложени судиите - поротници за Основниот суд во Скопје И и Скопје ИИ, мислам дека повторно доаѓаме во една иста ситуација, за жал. Основниот суд во Крива Паланка доставува исправка на Предлог за судии - поротници во која што кажува, на предлог-листата под број 43, наместо Јанез Станко Јакимовски, да стои Марина Славе Стојчевска. Во останатиот дел од предлог-листата за останатите 49 предложени кандидати останува непроменета. Исправката е како последица на фактот дека лицето Јанез, согласно член 71 од законот за судови не може да ја врши функцијата. Сега јас се прашувам околу овие листи и бидејќи имаме и други предлози од некои од избраните судии - поротници кои веќе поднесуваат оставки што мислам дека ќе треба да го заклучиме понатаму во текот на денешната, или понатамошните седници. Јас минатиот пат предложив и мислам дека од Основниот суд Кавадарци добивме една права листа како би требало да изгледа сето ова, затоа што ние како пратеници се носиме во ситуација да избереме сега генерално избираме 100 луѓе, или 50 луѓе кои треба да бидат судии - поротници и едноставно се повикуваме на тоа дека Основниот суд кој ги предлага овие луѓе се тие што треба да бидат. Но уште во стартот, веќе наименување на друг човек, затоа што не ги исполнува условите, а веќе еднаш е поминато. Мислам дека ова како што го достави Основниот суд Кавадарци каде што има кога е роден, што има завршено, што работи во моментот. Мислам дека е добро за сите нас да имаме еден визуелен преглед за кого гласаме. Затоа што минатиот пат видовме дека имаше луѓе кои што се родени 1924 година, некои по грешка напишани 1848 година, а ние го гласаме тоа како документ. Ако не го исправиме, мислам дека останува како документ во архивата за кој што понатаму некој ќе говори. И во оваа ситуација каде што стои дека биле пријавени 25, на конкурсот се пријавиле 25 луѓе, тие 25 луѓе сега се судии - поротници и од нив избираме 8 за судот на малолетници. Мислам дека едноставно како Парламент и како пратеници се носиме во една незгодна ситуација, јас и минатиот пат кажав, дека предлагајќи ги вака, или ќе треба да предлагаме човек по човек, поединечно, затоа што се работи за судии, во случајот судии, или пак поротниците ќе бидат само избирани како проформа и едноставно не треба ни да поминуваат на Собрание на Република Македонија. Уставниот суд што ги дефинира, ќе си бидат поротници кај Основниот суд од оној што ги побарал и тука завршува целата приказна. Затоа што вака, верувајте ми, ние пред народот треба да гласаме луѓе кои што некои од нив и во нашата средина не ги познаваме. Така што се доведуваме во многу непријатна ситуација. Значи, ова како што кажувате, условите од член 46 став 1 од Законот за судови дека треба да се државјани на Република

Македонија, дека се полнолетни, дека имаа завршено најмалку средно образование и дека уживаат углед за вршење на оваа функција. Ова последното: уживаат углед, за да ја вршат оваа функција не знам од кој орган вие можете да го добиете како документ, или кој треба да биде прашан за да тоа го потврди дека е тоа точно така. Значи, дали тука се проверува дали некој од кандидатите бил осуден, дали сега се води некоја постапка, дали едноставно може да ја брка целата работа, затоа што понатаму ќе видиме за многу поедноставни работи се бараат 300 документи за еден човек да може да донесе одлука или да носи оружје.

Мислам дека и ова, како судија, каде што треба да носи одлуки, ако е така, тогаш мислам дека е преголема одговорноста за да ние бираме кој што ќе се пријави да биде судија поротник. Мислам дека апсолутно стојат две варијанти. Од едни добиваме податоци како што ги добивме од Основниот суд Кавадарци на кој што немаме забелешки, гледаме луѓето кои се и што се, што завршиле, што работат сега и за разлика од другите кои што се наведени само по име и презиме и луѓе кои што се по улица, и на некој тоа тешко нешто да му значи. Од друга страна сите тие се пријавиле на некој конкурс кој што го распишува Основниот суд.

Факт е дека едни до пред нова година биле некаде, 26.12.2004 или 15.01.2005 година. Денеска е 24.01.така да пред први февруари ќе остане судот без поротници. Во секој случај сметам дека требаше да дојде многу порано и да фунционира како што треба.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот за избор на судии поротници при Основниот суд во Крива Паланка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 55 гласале за, тројца воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека за судии поротници за Основниот суд во Крива Паланка се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точка 13 - Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Неготино.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Неготино го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

55 пратеници гласале, 51 за, четири воздржани, против нема.

Во слата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Неготино се избрани предложените кандидати:

**Минуваме на точка 14 - Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Ресен.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот за избор на судии - поротници во Основниот суд во Ресен го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 54 за, тројца воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Ресен се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точка 15 - Предлог за избор на судија поротник на Основниот суд во Радовиш**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот за избор на судија поротник во Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 55 за, тројца воздржани, против нема.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека за судија поротник во Основниот суд во Радовиш е избран предложениот кандидат.

**Минуваме на точка 16 - Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Свети Николе**

Предлогот ви е доставен.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Свети Николе го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 54 за, тројца воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

**Минуваме на точка 17 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 56 за, еден воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 56 за, еден воздржан, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 19 - Предлог на  одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 53 за, двајца воздржани, еден против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 20 - Предлог на одлука за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претресе.

Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлугата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 51 гласале за, еден воздржан, тројца против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 21 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор ?

Повелете г-дине Стојановски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Навистина е чудно, меѓутоа, во Законот стои Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата како посебно општествено тело.

Согласно Уставот на Република Македонија посебни општествени тела не постојат. Постојат органи на управа, постојат министерства, постојат јавни претпријатија, постојат здруженија на граѓани, меѓутоа посебни општествени тела, навистина претставува една тема која што треба да ја разгледува на некоја идна седница овој Парламент, затоа што има останато три вакви тела, а тоа е она што значи продолжување на континуитетот на сизовската поставеност за регулирање на прашање од одредена област.

Јас само ќе ве потсетам дека Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштитата за чии членови ние разговараме денес, за својата работа е финансиран со давачки кои што се предвидени со Закнот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а кои што се земаат директно од осигурителните друштва и од оние субјекти кои што вршат технички преглед при регистрација на возила. Средствата кои што се обезбедуваат по овој основ изнесуваат околу 10 милиони денари, со тоа што согласно програмата која што ја доставува за работа Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата чија основна функција е превенцијата во контекст на сообраќајот на патиштата претставува износ од уште 1 милион денари. Значи за оваа дејност Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата годишно користи 11 милиони денари.

Ако ја видите Програмата и ако видите што треба да работи предложениот член на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата заедно со другите членови на овој Совет кои што се именувани, многу ќе ни стане јасно дека нивната работа се заснова на функции кои што се однесуваат на воспитување на деца од детски градинки, од училишна возраст, од основно образование, средно образование, организирање на различни натпревари и пропагандна дејност врз основа на која што треба да се обучат учесниците во сообраќајот, односно да се врши превенција, активности за превенција во сообраќајот на патиштата.

Навистина не гледам никаква потреба во овој момент да се именува нов член на овој Совет затоа што фактот што неговата поставеност не произлегува од Уставот на Република Македонија претставува само уште еден аргумент во контекст на она што сакам да го кажам, а тоа е дека Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата треба да биде ставен во уставни рамки. Ние на овој начин избираме членови на совет кој што не е согласно на Уставот на Република Македонија.

Впрочем, јас се согласувам дека тоа треба да биде предмет на изјаснување на Уставниот суд, меѓутоа и ние како Собрание треба пред се, да водиме сметка за уставноста на она што го работиме.

Јас се обидов ова да го разгледам на претходната седница кога разговаравме за Законот за основите за безбедноста на сообраќајот на патиштата, меѓутоа за жал не успеав тоа да го направам и еве сега сакам во оваа прилика да го отворам тоа прашање и се надевам дека тоа ќе биде разгледано и од надлежните комисии и од Собранието на Република Македонија во идниот период, а тука секако дека е надлежен и Уставниот суд кој покрај иницијатива може и по службена должност да поведе иницијатива во контекст на овие прашања кои што директно го засегаат правниот поредок во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојановски.

Би сакал да ви кажам три работи: едната е, околу тоа дека вие бевте надвор од точката која што е на дневен ред бидејќи тука станува збор за членови - имиња, и вие можевте конкретно за тоа да дискутирате. Меѓутоа, ве пуштив заради тоа, да дојдам до вториот мој коментар, а тоа е дека, ако веќе имате забелешка дека ова општествено тело е некоја дефиниција која што веќе не постои, тогаш без да се зборува и многу елаборира поднесете закон или предлог на закон тоа да се измени и ние тоа ќе го изгласаме. И, третата работа, вие имавте дискусија за правилата на медиумско претставување. Јас ќе поставам прашање дали вакви дискусии во Парламентот се платена или неплатена политичка програма.

Г-дине Стојановски имате реплика на ова, една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине претседател, ако вие сметате дека Парламентот треба да аминува без никакви коментари по однос на она што се дискутира тука, ние именуваме член на општествено тело, тоа е едната ситуација за која сакав да ви реплицирам. Какво е тоа општествено тело не ми одговоривте каде што ние денес именуваме член.

И, вотрата работа во однос на одлуката за рамноправен пристап, јас сметам дека сето она што го кажав, држи место, не се работи за никаква пропаганда, меѓутоа на ниту едно прашање што го кажав, не добив одговор. А, тоа е уште еден знак колку ние како парламентарци сме значајни во коментирањето и аргументирањето на одлуките што ги носиме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали уште некој бара збор?

Повелете г-дине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ :

Да разјасниме.

Мислам дека влеговме во она што го кажувате дека се работи за името и промена на човек од Републичкиот совет за безбедност и тоа кажуваме за членови наместо Наџи Џелили да стои Шабан Амеди. Во вашето образложение кое што е доставено до пратениците стои дека на седницата одржана на 21 јануари 2005 година, врз основа на барањето од пратеничката група на ДУИ едногласно утврди Предлог одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови и се заменува лицето Наџи Џелили, да стои Шабан Амеди.

Со оглед на тоа Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија да ја разгледа и донесе предложената одлука за изменување на Одлуката за именување итн.

Врз основа на ова што го имаме како образложение и како одлука која што ние треба да ја гласаме јас не гледам зошто лицето Наџи Џелили се менува. Дали во моментов тој не е повеќе член на ДУИ, направил кривична постпка, кривично дело, врз основа на што е предложено. Во образложението треба да стои зошто се менува член. На ваков начин ние можеме уште сто пати, сега ова ќе го изгласаме, можеби ДУИ за два дена нема да се согласи со лицето и ќе добиеме друг предлог и ние повторно ќе гласаме. Собрание од 120 луѓе се донесуваме во смешна ситуација.

Мислам дека кога се бираат личностите за вакви сериозни работи нормано е дека треба да се размисли многу добро и оној што го поставуваме, а утре ни се случува истото и за заменици министри и за останати господа кои што тука ги бираме, а имаме многу забелешки при бирањето, и сега одеднаш добиваме нов предлог за изменување.

Мислам дека тоа е, г-дине претседателе, основното што треба да го кажеме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 49 за, тројца  против, пет воздржани .

Ги молам службите да утврдат бројот на пратеници во салата.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 22 - Предлог на одлука за огласување и избор на судии на Апелациониот суд во Скопје**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по  текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и ги молам пратениците да дојдат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, нека не мисли никој дека без него може, бидејќи ако сите така мислат, останавме без кворум. Класично праивло за време на избори, јас дома седам, дурги ќе гласаат. Сите седат дома и никој не излегува.

Сега сме 61 присутни.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 53 гласале за, нема воздржан, двајца против.

Како што реков , во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 23 - Предлог на одлука за огласување на избор на судии на основните судови во Дебар, Кочани, Радовиш, Скопје 1 Скопје, Скопје 2 Скопје и Струмица.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлог на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

55 пратеници гласале, 1 воздржан, 1 против.

Во салата беа присутни или сеуште се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 24 - Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, за избор на потпретседател на Република Македонија, Ви е поделен.

Согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието избира потпретседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес.

Предлогот за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија, ќе го образложи претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата, г-динот Каме Петров.

Има збор претседателот на Комисијата г-динот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван г-дин претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

Комисијата за прашања на изборите и именвуањата, на својата 31-ва седница одржана на 21 јануари 2005 година, како матично работно тело за кадровските и персоналните прашања во Собранието, раправаше по предлогот на пратеничката група на ДУИ, за можен потпретседател на Собранието на Република Македонија да биде избран г-динот Гзим Острени.

Предлогот на оваа пратеничка група е легитимен и е доставен врз основа на упразнетото потпретседателско место во Собранието, како што можевме да слушнеме и денес.

Комисијата со мнозинство на гласови го прифати овој предлог, врз основа на следните елементи:

Г-динот Гзим Острени е роден во Дебар, во 1942 година. Има звршено високо образование, Филозовски факултет, група филозофија-социјологија. Работел како наставник во Дебар. Бил претседател на општинска организација на млади. Бил инспектор за граници и странци, во одделението за внатрешни работи во Дебар, а во периодот од 1969 до 1991 година бил командант на ТО на општина Дебар.

Од поновите актуелни ангажмани треба да се спомне дека г-динот Острени е пратеник во Собранието на Република Македонија, од партијата на ДУИ. Беше неодамнешен координатор на истата партија. Претседател на Координативното тело за собирање на оружјето во Република Македонија, како и кандидат за претседател на Република Македонија.

Врз основа на овие позначајни работи и искуства, г-динот Острени е предложен да ја извршува оваа значајна функција, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Петров.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Претседателто на на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата, ги даде аргументите на Комисијата, во однос на предлогот г-динот Гзим Острени да биде идниот потпретседател на Собранието на Република Македонија, на место на г-динот Хисни Шакири.

Ние добивме една биографија на г-динот Гзим Острени. Точно е дека е роден во Дебар. Ова, високото образование, искрено да ви кажам не можам да го разберам, филозофија-социјологија, дали таква високообразовна институција во Република Македонија постои.

Понатаму одиме на професионаната кариера на г-динот Острени и доаѓаме до, значи покрај тоа што бил командант на ТО во Дебар во периодот од 1969 до 1991 година, значи добри 20 и повеќе години, човекот е командант на ТО во Дебар и во пензија од мај 1991 до октомври 2002 година, кога се активира како,највероватно човек кој, или неговата партија немала друг човек, па г-динот Гзим Острени од пензија го активира да биде нивен активен член. И денес, со оглед на структурата на силите во Парламентот, највероватно и ќе помине како иден потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Особено внимание ни привлече политичката кариер на г-динот Гзим Острени и тоа неколку сегменти. На пример претседател на општинскиот Совет за зачувување на животната средина во Дебар, оние Младина, Социјалистички сојуз на работен народ, не ги читам, тие беа од минатиот век. Значи г-динот бил претседателна општинскиот Совет за зачувување на животната средина, значи екологист, понатаму претседател на Претседателството на Културно-уметничката секција во месната заедница “Вељко Влаховиќ”-Дебар, значи играорец и на крајот имаме, советник во Советот на месната заедница “Вељко Влаховиќ” во Дебар и други функции.

Сега почитуван претседателе, вие како одговорен за Парламентот, знаете дека во Парламентот има официјален сајт на кој се дадени биографии за пратениците и до неполн, незнам кое време, два месеци, месец дена, на тој официјален сајт стоеше дека г-динот Гзим Острени, командант на ОНА и на КЗК, колку што ме држи меморијата. Сега ме буни зошто таа функција во политичката кариера на г-динот Гзим Острени ја нема во

неговата биографија, а сајтот е достапен на сите граѓани и во Република Македонија и надвор од Република Македонија.

Не навлегувам апсолутно во стручноста и способноста на г-динот Гзим Острени, во однос на извршувањето на потпретседателската функција.

Господинот Хисни Шакири немаше можност да седне на потпретседателското столче, незнам од кои причини. Можеби тоа ќе се случи и за г-динот Гзим Острени. Меѓутоа за да се заокружи структурата во Собранието на Република Македонија и поделбата на функциите, значи мора како потпретседател да дојде некој од ДУИ.

Во однос на актуелниот партиски ангажман, го знаеме на г-динот Гзим Острени од денот на конституирањето на ова Собрание 3 октомври 2002 година. И сето ова, можеби има и некои други, колегите можеби од опозицијата, можеби и од позицијата ќе одададат уште неколку карактеристики. Меѓутоа сепак сметам дека г-динот Гзим Острени, иако, како што рече г-динот Каме Петров, легално го предложила ДУИ, сметам од морални причини дека не треба да ја обавува функцијата потпретседател во Собранието на Република Македонија, со оглед на сите негови карактеристики кои ги знаеме, а кои не се наведени во неговата биографија.

Од се ова што го кажав, почитуван претседателе, јас ќе гласам против предлогот, г-динот Гзим Острени да биде потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Дали некој друг бара збор?

Збор има г-динот Мавровски, а потоа пратеникот Жарко Караџовски.

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Да кажам зошто и јас ќе гласам против г-динот Гзим Острени.

Добро е тоа што ни е доставено како еден лист хартија на А-4 формат е целата негова професионална, политичка кариера. Но за жал и во оваа страница не достасуваат многу детали.

Високото образование, стои филозофија-социјологија, не пишува ни каде, ни кога, ни зошто, но стои дека е завршено, а веќе г-динот Острени 1961-1962 година, значи на негови 20 години веќе е наставник или учител во основно училиште во Дебар, така што сега незнам дали завршил пред тоа, дали завршил после тоа. И бидејки целиот свој ангажман го има од 1969 до 1991 година, како командант на ТО во Дебар, а пред тоа е

забележано дека бил инспектор за граница и странци, ова незнам што значи, за граница и странци, од 1969 до октомври 1969. Сега дали е тоа од септември до октомври, или е од јануари до октомври, сепак не е толку битно, но во секој случај инспектор за граница и странци во одделението за внатрешни работи во Дебар.

Од 1969 до 1991 година како командант на ТО во Дебар, истото како командант, но сега на ОНА и КЗК го продолжува од 2000/2001 година. За тоа кажува и самиот, стојат многу податоци за неговите активности, за неговите дејанија, како еден од главнит екоманданти. Но, во секој случај тој дел е пропуштен. Токму поради тој дел, г-дине Острени вие сега се наоѓате на оваа листа и ние треба да ве гласаме вас за потпретседател на Собранието. Не дека сте биле командант на ТО во Дебар, вие си отидовте во пензија за тоа што сте го сработиле. Но поради вашиот стаж токму во пензијата, ние треба денес да ве гласаме за да бидете потпретседател, а кажавме и тогаш 2002 година дека луѓето кои директно учествувале во тие борби, дека коалицијата ЗА, апсолутно ќе биде против и дека тие луѓе нема да бидат апсолутно дле од она што значи раководство и оние кои ќе ја водат државата во овие двеипол години. Но за жал, еве и директно командантите доаѓаат да ги бираме за потпретседатели.

Тоа што претходно го кажа мојата колешка дека сте биле претседател на општинскиот Совет за зачувување на животната средина во Дебар, тоа сте го одржале, во Дебар апсолутно е задржана животната средина. Стелачкото друштво сигурно е голема обука, многу луѓе сте обучиле и истите сте ги ангажирале. Во секој случај тоа е ваше. А ова за културно-уметничката секција, за тоа се сомневам бидејки многу малку знам за тоа културно-уметничко друштво “Вељко Влаховиќ”.

Во секој случај г-дине Острени ако имате и малку доблест во вашата партија и кај вас самиот, мислам дека не треба да дозволите ние како пратеници да гласаме за или против, ќе треба да се откажете од сето ова затоа што 2001 година македонскито народ и граѓаните во Република Македонија не може толку брзо да ја заборават, не се заборава така лесно и едноставно како што мислите, или како што претпоставувате дека мислат поголемиот дел од граѓаните. Во секој случај, направете барем нешто за утре повторно да не доаѓаме и ние како пратеници и г-динот претседател на Собранието и воопшто сите ние како Парламент, едноставно сите одлуки кои ги носиме, да бидат ирелевантни во однос на поголемиот дел на граѓаните во Република Македонија, гледајќи го вашето име за потпретседател на Собранието на Република Македонија. Затоа уште еднаш директно до вас до колку постои таква можност, да го повлечете ова барање. И посебно до Комисијата. А од друга страна, ако дојде до гласање јас ќе гласам против овој предлог на господата од ДУИ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

Повелете г-дине Караџовски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Оваа точка на дневен ред, избор на потпретседател на Собранието ни стана некако пракса во последно време, на секој месец да бираме потпретседатели на Собранието. Се надевам дека во брзо време ќе бираме и претседател на Собранието, бидејќи така обично оди, со два потпретседатели. Останавте уште вие несменети.

Само да потсетам дека пред неполн месец дена биравме потпретседател, во ликот и делото на г-динот Најдовски, таму немаше оставка, таму имаше разрешување. Овде бираме сега нов потпретседател, од двата коалициони партнери. Само СДСМ е доследен, верува во г-динот Љупчо Јордановски. Верувам и јас. Така што не би верувал дека би дошло тоа на дневен ред, но затоа сме пак ние тука како опозиција, ние ќе го искористиме нашето право да одиме со интерпелација.

Сега кога сме кај ова што е сега точка на дневен ред, навистина јас најмалку очекував дека во редовите на политичката партија ДУИ ќе дојде до една ваква работа . Искрено воопшто не мислев дека г-динот Хисни Шакири ќе поднесе оставка, за да дојдеме до оваа точка сега на дневен ред, затоа што сите овде сме свесни колкава беше битката  г-динот Хисни Шакири да стане потпретседател. Човекот упорно чекаше да седне на ова ваше столче, г-дине претседателе, ама не дочека, најверователно и му се здосади да чека, па се повлече.

Убеден дека г-динот Гзим Острени ќе седне на ова столче и тоа можеби од наредната седница, бидејки вака сам тешко можете да издржувате. Сега тука се поставува прашањето зошто сум толку убеден, а ваму не бев убеден. Тоа е затоа што, да ги потсетам колегите , кога се бираше г-динот Шаќири, овде на сите ни сметаше неговито ангажман, неговото учество во ОНА и она што таму беше  и ни сите овде имавме еден принципиелн став дека заради тоа, заради сите тие ангажмани, заради тоа штокако пратеник излезе таму каде што излезе, имавме некој негативен став во однос на неговата функција. Тоа се продлабочи со тоа што вие како претседател не му дадовте воопшто право да седне на тоа столче, ама на свечените седници имаше чест да седи напред.

Со г-динот Гзим Острени е нешто поразлична состојбата, во смисла на тоа што овде на многу колеги нема да му посмета г-динот Гзим Острени да ја води седницата, затоа што со текот на времето се заборава кој што бил, каде бил, зошто бил, што правел,

против кого правел и зошто правел, обично се заборава. Меѓутоа Хисни Шаќири никако да се заборави. Човекот паметно се повлече.

Не е добро да се дискутира за личност, затоа што на крајот на краиштата си имаме и добри страни, но и лоши страни. Но, што да правиме, таква е таа процедура, кога кандидатите што ги предлагаме како Комисија, овде доаѓаат со биографија, таа биографија се става на увид овде на нас како пратеници, но не само на нас како пратеници, туку и на јавноста, восекој случај за да се запознаеме кого бираме за потпретседател што не е мала функција. Инаку ако мене ме прашате, ако некој треба од ДУИ, со оглед што тоа е логично, што тоа е веќе оддамна дефинирано дека ДУИ треба да има потпретседател, ако мене ме прашате кој од овие пратеници што седат овде во столчињата во Собранието, треба да биде потпретседател, нема дилеми дека тоа треба да биде Гзим Острени, затоа што кога човекот можеше да биде кандидиран за претседател на Република Македонија зошто не и за потпретседател на Собрание на Република Македонија. Меѓутоа, кога се кандидираше г-динот Острени за претседател, ние немавме право да дискутираме по однос на таа кандидатура освен во кампањата, ама за потпретседател можеме да кажеме по некој збор.

Она што навистина боде очи, тоа е оваа биографија која ни е доставена, што морам да признам е тотално промашена работа, а ќе викажам и зошто.

Освен тоа кога е роден и каде, другото е се нешто непрецизно, недообјаснето, некои работи воопшто не се битни а стојат. Јас незнам дали ова е сега биографија која сам си ја напишал г-динот Острени, па на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата само ја прикачила на Одлуката колку да ја гледаме, или е тоа биографија која на некој начин е синтетизирана од она што Комисијата требало да разгледа што е битно за нас пратениците да гледаме, кога бираме една личност за јавна функција, како што е потпретседател на Собранието на Република Македонија. Ако г-динот Гзим Острени сам си ја напишал биографијата, што верувам дека сам си ја напишал, а овие другите ја прикачиле, тогаш треба да му укажам дека некои работи се апсолутно не потребни, кои овде стојат и бодат очи, а пак некои работи кои се потребни, треба малку повеќе внимание да им се посвети.

Кога станува збор за високо образование, треба да се дефинира какво високо образование. Филозофија и Социологија се два предмети на факултет, кои ги изучуваме на повеќе факултети. Меѓутоа, во биографијата треба да се каже на кој факултет, каде дипломирал, кога дипломирал, дали на Приштинскиот факултет или во Тирана, од каде е дипломата, или дипломирал овде во Скопје. Тоа е еминентно и битно кога се утврдува какво високо образование има, значи дипломирал на тоа и тоа, има такво и такво звање и тн. Тоа се знае, тоа е општо позната работа, а не како што стои само Филозофија и Социологија и нас да не става во дилема дали господинот Г'зим Острени е филозоф или социолог.

Одиме понатаму, зборувам за професионалната кариера во која сам си навел. Ако ја погледнете понатаму биографијата и во однос на професионалната кариера, но и во однос на политичката кариера, она што најмногу можете да забележите е дека господинот Г'зим Острени е добар и истакнат комунист. Откако е завлезен во водите на политиката, постојано е во општинските организации на СКМ, Собир на младина на Република Македонија, ССРНМ и тн., - сето тоа се категории кои искажуваат дека човекот е, еве, член на Општинскиот комитет на СКМ и тн. Значи, еве, колегите сега ме дополнуваат, не знаеш дали господинот е од ДУИ или СДСМ. Но добро е да има комунисти и во ДУИ, тоа е неспорно.

Потоа, кај професионалната кариера, мене лично ми се допадна дека господинот Острени бил инспектор за граници и странци. И да не стоеше ова, мене ми е јасно дека со границите и странците има доста добри познавања, и сигурно ова како професионална кариера можеби му требало да стои во неговата биографија кога го ставале за генерал на ОНА, затоа што да ги познавате состојбите на границите и странците тоа е битна работа, и тоа во Одделението за внатрешни работи. Кај територијалната одбрана, исто така, значи командант на територијалната одбрана во Дебар, исто како професионална кариера многу е битно, но пак ќе кажам таму каде што беше на онаа функција во ОНА, а овде за Собрание воопшто не е битно.

Напоменав во делот што може овде да се прочита стои СКМ, Сојуз на младина, Месна заедница “Вељко Влаховиќ”, многу битна работа, немојте да го пропуштите тоа, и тоа во Сојузот на комунистите во Месна заедница “Вељко Влаховиќ”, тоа е многу битна работа. Потоа советник - внимавајте, господинот Острени бил советник во Советот на Месната заедница “Вељко Влаховиќ” и тоа сигурно му е битна функција за сега да го избереме за потпретседател. Ама нешто што најмногу се истакнува, тоа е претседател на Стрелачкото друштво во Дебар.

Сега каква има стрелачкото друштво со она што треба овде да го бираме. Можеби оттука самиот господин Острени сака да ни укаже на тоа од каде произлегува неговата способност во врска со оружјето. Тоа сигурно потекнувало од поранешните денови и со самиот факт што бил претседател на Стрелачко друштво јасно е дека во тоа многу добро се разбира и аналогно на сето ова кариерата ја градел и во тој правец, за да понатаму биде претседател на Координативното тело за собирање на оружје. Ако сега тука продискутираме какво оружје се собра и колку господинот Острени во тој дел придонесе, освен што се прошета овде низ Скопје низ улиците да кажеме колку сме единствени во смисла на таа кампања, денешната ситуација потврдува дека тоа била тотално промашена работа, а се поставува прашањето и која е улогата на господинот Острени тука и што придонесе тој за да се собере оружјето така како што беше планирано, а не така како што испадна.

Она што пак овде не треба да стои во оваа биографија тоа е за актуелниот партиски ангажман. Колку што знам, кај ниеден од кандидатите кои ги бираме на јавни функции, многу ретко, дури имало и забелешки да не стои партискиот ангажман. Што е тоа битно? Тоа е битно таму, ако господинот Острени се кандидира за претседател или некоја друга функција во неговата партија, тогаш тоа се гледа. Меѓутоа, овде кога се бира потпретседател на Собранието апсолутно не е битно какви партиски ангажмани тој има. И ај што насловот е промашен, туку и тоа што пишува под насловот исто така е промашено. За господинот Острени во биографијата пратеник на Собранието на Република Македонија е партиски ангажман. Тука е, почиувани колеги, проблемот што имавме прилика да го видиме со господинот Буџаку. Нели, и тој беше член на Влада и за него тоа беше партиски ангажман, тој не одговараше пред премиерот туку пред лидерот на сопствената партија. Сега господинот Острени ќе го ставиме потпретседател на Собранието, со тоа што тоа ќе биде негов партиски ангажман, што значи дека тој нема да одговара овде пред пратениците туку пред неговито лидер и партија. Така тој направил дикстинција односно разграничување во смисла што е партиски, а што не е партиски ангажман.

Јас би го потсетил господинот Острени дека пратеник во Собранието на Република Македонија не е никаков партиски ангажман, туку е ангажман согласно Уставот и законот во Република Македонија, што значи претставник на граѓаните на Република Македонија во највисокиот орган на власта во Република Македонија. Значи дека тој претставува избирачи кои му го дале правото да стане пратеник, а не

неговата партија. Неговата партија го ставила на пропорционална листа и тој овде ги претставува граѓаните. Тоа е прва и основна работа.

Понатаму, следствено на ова што сега го кажав, поранешен координатор на Пратеничка група на ДУИ. Исто така, господине Острени, тоа не е партиски ангажман, тоа е ангажман во рамките на Собранието и тоа е ангажман согласно Деловникот на Собранието во рамките на пратеничката група, што не значи дека е партиски ангажман и воопшто не е. Кажавме за претседател на Координативно тело за собирање на оружје, што исто така не е партиски ангажман, тоа треба да биде јасно. Ако вие вака ги сваќате сите функции дека се тоа партиски ангажмани, тогаш далеку сме стасале. Она што е партиски ангажман, а кое не треба да стои во биографијата е актуелен генерален секретар на Партијата ДУИ. Тоа нас не не интересира овде како пратеници, а уште помалку ги интересира граѓаните кога ја следат оваа дебата и кога слушаат кого го бираме. Ние не бираме актуелен генерален секретар за потпретседател, туку го викаме господинот Г'зим Острени како пратеник и само функцијата пратеник му дава можност да стане потпретседател. А тоа што е генерален секретар, многу има други генерални секретари па не се потпретседатели. Еве на пример, господинот Ќуркчиев, и тој е генерален секретар, меѓутоа не е потпретседател на Собранието. (Мислам актуелен, да не погрешам).

Сега, политичката кариера, и тоа е дискутабилно. Ако е претседател на стрелачко друштво политичка кариера, тогаш што би било да сте претседател на шаховски сојуз, и тоа ли е политичка кариера. Значи стрелачкото друштво е друштво, што значи дека е некакво спортско друштво и тоа нема “блага” врска со политика. За господинот Острени, во рамките на политичката кариера, стрелачкото друштво е политичка организација. Гледајте колку има основни непознавања господинот Острени, човек кој треба да биде потпретседател на Собранието. И уште помалку политичка функција е културно-уметничка секција во Месна заедница “Вељко Влаховиќ”. Замислете, културно-уметничка секција на Месната заедница “Вељко Влаховиќ” - многу убаво е името - за да се земе како политичка кариера врз основа на која ќе го ставиме господинот Острени за потпретседател на Собранието. Јас го разбирам господинот Острени па и Комисијата дека нешто мора да се пише, а за да се избегне она што навистина го има како заслуга господинот Острени, тоа што го издвоило пред сите други пратеници на ДУИ. Замислете, нема ниту два збора во оваа биографија што направил човекот што толку го истакнало. А на сите ни е јасно, јасно и е на македонската јавност, тоа се неговите ангажмани во така наречената

ОНА односно во времето на 2001 година во тој воен конфликт. Е, тука можеме да зборуваме колку е тој заслужен за тој, според нив успех, според други неуспех, за тоа што таму го сработил. И факт е дека тоа го истакнало господинот Острени пред се да стане пратеник, после тоа да стане кандидат за претседател и сега за потпретседател на Собраинето. Меѓутоа, тоа е намерно или по грешка испуштено. Јас мислам дека е намерно испуштено. Се заборава во биографијата да се каже дака господинот Острени бил генерал на така наречената ОНА, што значи првиот човек на таа воена формација, или паравоена, не знам како да ја крстиме. Сега, ако еден командант на ОНА во ликот и делото на господинот Шаќири се заменува, логично е да се замени со друг командант, ама уште пологично е со генерал и тука нема дилема. Затоа кажав, ако некој треба да биде, по таа логика, по тој критериум нема кој друг да биде освен Г'зим Острени, со оглед дека господинот Али Ахмети не прифаќа да биде потпретседател, не е човекот толку ниско паднат.

Претседател на Извршен совет во друштво за спорт и рекреација “Партизан”, значи се се врти околу комунисти и партизани и некако ми наликува на онаа серија “Отпишаните”, која имаме прилика да ја гледаме.

(Реакции)

Јас не знам зошто реагирате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, потивко. Ако сака господинот Караџоски да биде интересен, тоа е негово право. Повелете, имате уште 3 минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, јас воопшто не сум интересен, интересна е самата биографија. Ова не го измислувам, ова го читам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, се извинувам. Интересно ја објаснувате биографијата.

Повелете, имате уште две минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Оваа биографија јавноста нема прилика да ја прочита, ние ќе ја кажеме. А кога ќе дојде 14,00 часот, вие прекинете ме, јас ќе си продолжам после, не е проблем. Три пати ме опоменувате, бираме потпретседател и имаме право да дискутираме.

Значи, морам ова да го дискутирам, член на Советот за народна одбрана во Дебар е исто така политичка функција и кариера според господинот Острени. Сега ајде да одиме по оној принцип на елиминација и според она како наслов што е ставено, да елиминираме што е а што не е и ќе дојдеме до политичка кариера - она

што било пред 1991 година во Сојузот на комунисти отпаѓа, ова со стрелачки друштва и тн., културно уметнички заедници, самозаштита самонародна и што ти знам, сето тоа не е политичка кариера. Значи оваа графа на политичка кариера ќе остане празна и ќе испадне дека човекот немал ама баш никаква политичка кариера, освен она актуелен генерален секретар, кое стои во графата на партиски ангажман што држи место.

Би сакал да слушнам образложение - ете тука можеби некој ќе се почуствува погоден зошто се одбегнува да се каже во биографијата оној вистинскиот ангажман на господинот Острени, кој ангажман навистина му дал право да седи во овие клупи и да биде потпретседател затоа што се амнестирани, тоа не е никаква проблематика, но тоа треба да се каже и треба да стои овде, за да им биде јасно на сите кои гласаат, а и на граѓаните кои слушаат.

Еве, толку би кажал претседателе, за да не бидам премногу интересен.

Од сите овие причини, а и поради принципиелниот став што како партија сме го зазеле од почеток, на јавни функции во Република Македонија не треба да бидат поставувани лица кои директно учествувале во големиот конфликт, значи не само команданти туку и генерали, сметам дека на господинот Острени не му е местото за потпретседател и од тие причини јас, заедно со пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе гласаме против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(по паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Нескриено можеби беше, или да се изразам поинаку, претседателот на матичната комисија не можеше да го скрие своето задоволство, или возбуда од една ваква кандидатура со една ваква импозантна професионална политичка, или каква сакате кариера. Најверојатно понесен од емоциите можеби покажа и малку носталгични чувства, но од тоа што го знаеме за кандидатот од владеачкото мнозинство, или парламентарното мнозинство го предводи и најверојатно ќе го избере да биде потпретседател на Собранието. Од оваа професионална кариера можеме да видиме дека од 1964 година па до 1991 година предложениот кандидат

го бранел поранешниот систем, почнувајќи од неговите политички активности во разни стрелачки, месни заедници, значи, станува збор за еден проверен другар во вистинска смисла на зборот. Она што нам не ни е јасно е тоа, иако знаеме дека светските текови од пензионерите сакаат да бидат активни и пензионерите во економски моќните земји се активни и по завршување на својата професионална кариера. Така и предложениот кандидат најверојатно како еден од острите борци за продлабочување и унапредување на демократските процеси во Република Македонија и нашето приближување во евроатланските воени и политички и било какви структури бил максимално активен токму во периодот кога бил во пензија, а тоа е 1991 - 2002 година. И додека предложениот кандидат за тие свои активности во периодот 1991 - 2002 година најверојатно ќе биде награден со престижната би рекол позиција во македонското собрание да биде потпретседател на Собранието и на господинот Јордановски. За разлика од господинот Острени, петмина македонски граѓани кои во периодот 2001, 2002 година исто така беа активни, но не по нивни избор, или по нивна сопствена волја, туку едноставно затоа што во тој момент беа припадници на вооружените сили на Република Македонија. Ја гледаме оваа мачна ситуација и во основниот суд Скопје, и она што се случува со поранешниот министер за внатрешни работи, а сега сеуште во овој момент, пратеник во Собранието на Република Македонија. господинот, Љубе Бошковски. Оваа максимална другарска кариера на предложениот кандидат кој од 1964 до 1991 година максимално се трудел на просторите на Република Македонија, Република Македонија и нејзините граѓани да станат дел и конечно да ја видат социјалистичката зора. Сега со новите политички трендови нормално ќе не води во конформистичка Европа. Сега, почетокот и крајот на ова што се нарекува некаква биографија се недокажани. Значи, покрај тоа што веќе го кажаа неколку колеги, високо образование, филозофија и социологија, не пишува кога и каде. И овој активен пензионерски период од 1991 до 2002 година. И ако ме служи помнењето мене ми се чини дека на официјалната веб страница на Собранието на Република Македонија за предложениот кандидат имаше некакви информации на официјалната страница на интернет на македонското Собрание, дека во рамките на неговите активности во пензионерските денови предложениот кандидат бил главен носител во рамките на синџирот на командување. Дали треба да ги потсетам членовите на матичната комисија кои го предлагаат овој кандидат денеска, тоа се за напади на припадници на вооружените сили на Република Македонија, за напади врз цивилно население, за измачување, за киднапирање и најверојатно дел од киднапираните се убиени како што тврдат некои

кои се инволвирани по тој случај. Ако господинот Каме Петров како претседател на матичната комисија во неговиот наплив на носталгија глуми дека е по малку и лицемерен, може таа ролја да ја изигра до крај па да ни ги каже податоците и за активниот пензионерски период, особено за периодот 1999 - 2001 година, со посебен осврт на она што се случувало, или на какви се позиции бил предложениот кандидат во 2001 година. Вака да се правиме дека нешто не гледаме, или дека нешто не знаеме дека се случува, нема никаква смисла особено што ќе повторам уште еднаш, во овој момент петмина припадници на македонските вооружени сили практично врз нив дел од властите во Република Македонија максимално се изживуваат користејќи ги сите правни и неправни средства за да бидат анатемисани толку колку што може тоа да се направи и со средствата кои им стојат на располагање.

Еве, јас ќе се обидам да бидам искрен. Предложениот кандидат командуваше со сите оние парамилитантни организации во Република Македонија кои делумно и од покраината Косово во периодот 2001 година убиваа припадници на македонските вооружени сили, се изживуваа врз цивилното население и се заканување за максимално рушење на уставно-правниот поредок во земјава. И, за тоа не треба да ве потсетувам, постојат јавни соопштенија, после ден, или два се преземаа за одредени акции во кои по правило на крајно подмолен начин и особено еден случај се издвојува кога зборуваме за припадниците на вооружените сили, масакрирањето на осум припадници на истите, на 4 припадници на Армијата на Република Македонија и 4 припадници на Министерството за внатрешни работи. Станува збор за масакрот кај Вејце. Значи, предложениот кандидат во рамките на неговите активни пензионерски денови беше директен командант и организатор со командна одговорност за сите овие работи, не спомнувајќи ги настаните кај Долно Блаце и Карпалак. Би било искрено од страна на матичната комисија да ги каже и овие работи дека лицето кое претендира Собранието да го стави на позиција потпретседател на Собранието е директниот, или главниот во синџирот на командување кој е виновен за сите овие грозоморни злосторства. Претпоставувам дека парламентарното мнозинство ќе го награди со позицијата потпретседател исто како што овие петмина припадници на вооружените сили ги наградуваме со ова максимално изживување кое им го прави земјава во овој момент. Поради овие причини навистина не може да стане збор дека како и останатите пратеници од ВМРО Народна некој од нас ќе го даде својот глас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов. Точно е тоа дека господинот Гзим Острени евентуално ќе биде потпретседател на Собрание и како што викате на господинот Љупчо Јордановски, но исто точно е и тоа дека ќе биде и потпретседател на господинот Ѓорѓи Трендафилов, евентуално. Јас се извинувам, каков е настапот, говорот, се чувствувам должен да одговорам, бидејќи бев спомнат.

Повелете господине Оровчанец имате збор.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам, господин претседателе,

Јас ќе се обидам прво да бидам краток, а второ да не навлегувам во сите овие детали кои што досега околу расправата за изборот на г-динот Гзим Острени за потпретседател на Собранинето беа кажани. Јас би сакал да се осврнам на оваа ситуација од сосема друг агол, за кој сметам дека е исправен истовремено очекувам околу она што ќе го кажам господинот Гзим Острени да се изјасни.

Која ми е поентата на она што сакам да го кажам. Конфликтот од 2001 година, резултираше со Рамковен договор, резултираше со Закон за амнестија кој што и позицијата тогашна, сегашна опозиција, и тогашната опозиција сегашна позиција, ја прифатија, за која што сметам дека била од селективен карактер. Што значи дека со тој Закон за амнестија она што било обвинение за господинот Гзим Острени, е практично од наша страна ставено вон правниот систем и ние сметаме дека тоа не се случило. Можеме да дискутираме во тој поглед за неговите и морални и етички особини, дали тој прифаќа во овој случај да се кандидира и да ја обавува функцијата потпретседател на Собрание. Меѓутоа, јас би отишол малку подалеку во сето тоа и би кажал, ако г-динот Гзим Острени има добри намери јас лично не би сакал да се сомневам, и ако треба ние како општество да го оставиме конфликтот зад нас, и да тргнеме во некој просперитет, кон кој сите барем декларативно тежнееме, јас лично ќе го прашам господинот Гзим Острени дали тој се согласува со Законот за амнестија кој го предлагаме кој што е практично не селективен туку е по општ акт од она што беше, и на тој начин ја искаже својата и добра волја, на тој начин ја искаже и својата намера за градење на солидно општество заборавајќи го конфликтот зад нас и внесување во некои води кои би требало да значат разум. Доколку тој се изјасни позитивно, јас тврдам овде дека ќе гласам за неговиот избор за потпретседател на Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Оровчанец. Во тоа ќе можевте да се уверите ако точката за амнестија беше пред оваа точка, но ние така го изгласавме дневниот ред.

Повелете господине Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателе,

Јас би сакал да кажам неколку збора во врска со овој предлог,

Имено факт е дека испразнетото место за потпретседател на Република Македонија треба да биде од партијата ДУИ, по испразнувањето на тоа потпретседателско место со оставката на Хисни Шакири. И мислам дека е добро што даде оставка. Јас сум говорел многу за господинот Шаќири, значи како потпретседател и добро е пак ќе потенцирам што даде оставка. Сега се прашуваме со оглед на тоа што ова место му припаѓа на ДУИ, дали господинот Острени е вистинскиот кандидат од оваа политичка партија. Јас лично сметам дека не е. Бидејќи сметам дека оваа политичка партија од пратениците има навистина кандидати кои што ќе бидат посоодветни за ова место во Собранието, кое што практично значи и претседател на Собрание па во отсуство на претседателот и некои од претседателите може и на претседателот на Републиката да биде и претседател на државата. Значи сметам дека има кандидати кои што нема да ги навредуваат чувствата на граѓаните на Република Македонија, поради тоа што господинот Острени беше еден од директните учесници во војната во 2001 година и тоа не на било кое место и не случајно, туку директно како командант на ОНА, во редовите на ОНА. Сметам дека на овој начин навистина ќе се навредат чувствата на голем, огромен број на граѓани на Република Македонија со тоа што се предлага овој кандидат. Не би сакал да зборувам за другите работи на кандидатот. Сакав да се осврнам токму на ова, и затоа мислам дека би треблао ДУИ да предложат други кандидати, јас не сакам да потцртувам кои се, кои што навистина повеќе би одговарале и што е врз основа на некој договор меѓу коалиционите партнери, тоа секогаш било и ќе биде. Затоа јас нема да го дадам својот глас за овој кандидат и најмалку што очекувам е тоа господинот Острени да ја повлече својата кандидатура и да се предложи некој друг кандидат за ова место.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Само да ве потсетам дека Собранието избира потпретседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот пратеникот Г'зим Острени да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Г'зим Острени е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија. (Аплауз).

Го молам потпретседателот на Собранието да даде свечена изјава.

Ве повикувам да станеме.

Го молам потпретседателот на Собранието по мене да го повторува текстот на свечената изјава.

“Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

(Свечената изјава ја прочита претседателот на Собранието, а по него ја повторуваше господинот Г'зим Острени, потпретседател на Собранието).

Го молам потпретседателот на Собранието да ја потпише свечената изјава.

(Потпретседателот Г'зим Острени ја потпишува свечената изјава).

Дами и господа пратеници,

На господинот Г'зим Острени му го честитам изборот за потпретседател на Собранието на Република Македонија и му посакувам успех во работата во мое и во ваше име.

**Минуваме на точка 25 - Предлог на закон за заштита на лични податоци**

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандмани на член 51 став 4 и на член 52.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 8 став 4, член 9 став 1, член 33 став 1 алинеја 1, член 38 став 1, 2 и 3, член 39, член 40 и на член 49 став 1 алинеи 5 и 17.

Пратениците Аднан Јашари и Рафис Алити поднесоа амандмани на член 30 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 18 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете господине Михајловски.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете господине Михајловски.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратениците Аднан Јашари и Рафис Алити.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете господине Михајловски.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Десетте минути за кворум течат.

Ги молам службите во последната минута од десетте минути да го утврдат бројот на пратениците во салата.

Благодарам.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 11 пратеници гласале за, 46 против, воздржани нема.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за додавање на нов став 2 по став 1, поднесен од пратениците Аднан Јашари и Рафис Алити.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците од мнозинството да обезбедат уште еден пратеник бидејќи сега недостасува еден, ако сакате да ја завршиме расправата по законот.

Десетте минути за кворум течат.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 12 гласале за, 3 воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1 алинеја 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составне дел  од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 1,2 и 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 39, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1 алинеја 5 и 17, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 4, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 52, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повеникто на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Стојаноски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници.

Пред нас го имаме Предлог-законот за заштита на лични податоци. Самиот назив, можеби не зборува доволно за значењето на овој закон, меѓутоа јас сакам да објаснам и за јавноста и за сите нас тука што претставува овој закон и какви се

решенија нуди Владата на Република Македонија преку МВР, иако лично како пратеник не би се согласил што како предлагач се јавува ова Министерство, затоа што Министерството за правда секако дека е посоодветно во поглед на заштитата на слободите и правата на граѓаните, за предлагање на ваков вид закон.

Со овој закон, како основна цел која треба да се постигне е контролата над Владата и нејзините институции во надгледувањето на граѓаните односно уредувањето на односите со овој Предлог-закон е заштитата на основните човекови права и слободи, особено правата на приватност во контекст на обработката на лични податоци. Впрочем тоа го имаме и во образложението кое ни е дадено во овој Предлог-закон и тоа е во согласност и со Уставот на Република Македонија односно членот 18 со кого се гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци и заштита од повреда на личниот интегритет на граѓаните, што произлегува од регистрирањето на информациите за нив преку обработката на податоците.

За да можеме да направиме една компарација треба да тргнеме од светските искуства во поглед на регулирањето на односите во оваа област. Тука особено треба да се нагласи значењето кое го даваат овие земји што имаат донесено вакви закони за заштитата и гаранциите на човековите права и слободи односно на приватноста на секој поединец, граѓанин на соодветната држава.

Во Италија со ваквиот закон кој таму е донесен во 1997 година се даваат гаранции дека обработката на личните податоци ќе се врши со почитување на правата, основните слободи и достоинството на физичките лица, особено нивната приватност и личниот индентитет, како и заштита на правата на правните лица и сите други тела и асоцијации. Значи основната поента е заштита и гаранција при обработка на личните податоци на физичките и правните лица.

Во Финска, во Законот кој е донесен во 1999 година се предвидува Омубдзман за заштита на податоци, значи едно независно тело кое е нешто слично на Народниот правобранител на Република Македонија, а кое се занимава со гаранциите за заштитата на приватноста и на слободите и правата на граѓаните во Финска, од повредата која може да ја врши Владата и владините институции.

Во Грција каде Законот е донесен 1997 година, тука сакам да нагласам дека тој закон е усогласен со директивите на ЕУ за заштита на податоците и со Конвенцијата за заштита на поединците, во поглед на автоматската обработка на лични податоци. Меѓутоа, за разлика од Конвенцијата, Грција дава многу поголеми права на субјектот на личните податоци, односно пред се на физичките лица а потоа и на правните лица.

Во Швајцарија овој закон е донесен 1992 година и содржи едно решение што сетам дека претставува основна поента за гаранција на приватноста на секој поединец, а тоа е дека субјектот на личните податоци, физичкото лице за кого се прибираат податоци, мора да биде известено за собирањето на овие податоци и има право на пристап и право на измена на неточните информации. Значи државата гарантира за податоците, меѓутоа со согласност на визичкото лице, или правното лице кое е субјект на прибирање на овие лични податоци.

Во Белгија со Законот за заштита на податоци донесен 1992 година се обезбедува дека обработката на овие лични податоци може да се врши, меѓутоа за точно утврдени јасни и основани цели.

Република Словенија овој Закон го има донесено 1999 година. Словенија посебен нагласок на заштитата на правата на приватност на поединецот врши со овој закон од сите облици на незаконски и неосновани обработки на лични податоци. Значи имате посебни гаранции и посебна заштита од злоупотреба на личните податоци за субјектите кои се предмет на прибирање.

Во Република Хрватска овој Закон е донесен во 2003 година и таму за разлика од кај нас каде се формира  дирекција, чиј директор се именува по предлог на Владата на Република Македонија од која треба да не штити истиот тој директор, е формирана Агенција за заштита на лични податоци и овде истакнувам, како независно и самостојно правно лице, значи незавосно од Владата, независно од владините институции и со јасно изразена самостојност во неговото функционирање. Тоа е одговорно пред Хрватскиот Сабор и пред никој друг.

Меѓутоа да преминеме на законот и тоа што претставува конкретни решенија што МВР ги предлага со овој закон. Значи целта е да се разграничи до каде може државата, преку Владата и нејзините институции, да навлезе во приватноста на секој поединец и како да се заштити таа приватност, особено во контекст на можностите за злоупотреба на основните човекови права кои можат да се вршат со злоупотреба на ваквите податоци кои се прибираат, се обработуваат, а кои се однесуваат на секој поединец, субјект, на прибирање и обработка на овие податоци.

Овде особено треба да се истакне дека покрај општите податоци постојат и посебни категории на лични податоци. Значи посебни категории кои директно ја засегаат моралната и другите интимни димензии на личноста. Тоа се лични податоци кои го откриваат расното или етничкото потекло, политичкото, верското или друго убедување, членството во синдикална организација и она што е посебно интересно, податоци кои се однесуваат на здравствената состојба или сексуалниот

живот. Значи државата преку овој закон кажува на кој начин може да ги прибира податоците за секој поединец во Република Македонија, кои се нарекуваат посебни категории на лични податоци, а кои директно навлегуваат во неговата интима, во неговата здравствена состојба, во неговиот сексуален живот, во неговата политичка определба, во неговото верско или друго убедување, како и етничкото потекло. Меѓутоа сето тоа не би било спорно да се регулира до колку во овој закон, ако е утврдена генерално една обврска за согласност на лицето чии податоци треба да се обработуваат и да се прибираат. Веднаш потоа во наредниот став имате една цела лепеза на исклучоци од ова правило кое може да доведе до секакви злоупотреби, со вашите интимни податоци, односно податоците кои се однесуваат на вашиот и интимен и политички и личен и секаков друг ангажман.

Согласно член 6 од овој закон, обработка на лични податоци може да се врши само по претходно добиена писмена согласност на субјектот на лични податоци и ова апсолутно не е спор. Спорно е ставот 2, а тоа е следното:

Обработката на лични податоци може да се врши и без согласноста на субјектот на лични податоци и тоа кога обработката е потребна заради, и сега да не ги цитирам сите овие исклучоци кои се дадени, сакам да наведам само еден или два од нив:

Прво, извршување на работи од јавен интерес. Некој да изврши некоја работа од јавен интерес, тогаш нема да побара ваша согласност за да може да ги користи вашите податоци за тој јавен интерес што го дефинира оној кој е носител на јавниот интерес, односно на влста во државата, а тоа е Владата, или некоја нејзина институција.

Второ, на службено овластување на контролорот или на трето лице на кое му се откриени податоците. Значи контролорот е оној кој ги прибира и обработува податоците за секој од вас, согласно конкретен закон. На тој контролор некој може да му даде службено овластување, без никаква причина, без никакво образложение и со тоа може да бидат откриени податоците кои се однесуваат како предмет на обработка на субјектот на податоци.

Кои се работите од јавен интерес, не е дефинирано.

Кој е оној кој треба да дава такво службено овластување, не е дефинирано и фактички ставот 1 од овој член каде си бара претходно добиена писмена согласност на субјектот на лични податоци, целосно се дерогира со оваа алинеја каде преку работи од јавен интерес или со некакво службено овластување вие не можете да имате никаква заштита, вашите податоци да бидат злоупотребени.

Кога зборуваме за посебните категории на лични податоци, а тоа, како што напомнав се однесуваат на здравствена состојба, сексуален живот, политичко, верски или други убедувања, расно или етничко потекло, начелно постои забрана да се обработуваат овие посебни категории. И сега слично како и во претходниот случај што го елаборирав, стои дека по исклучок, обработка на посебните категории на лични податоци може да се врши. Значи во овие категории на податоци, иако начелно е забранета обработката, може секој да навлезе во нив, да појде во здравствената организација каде некој граѓанин на Република Македонија има свое здравствено досие, да навлезе во тоа здравствено досие и да ги користи податоците што се однесуваат на вашата здравствена состојба, за цели кои овде се наведуваат. Меѓутоа, никаде не постои гаранција дека тие нема да бидат злоупотребени. Така, во една од алинеите стои - ако обработката на овие податоци се спроведува во рамките на работите на установи, здруженија, или било кои други непрофитни институции, заради политичка, верска, синдикална, или друга цел, под услов обработката на податоците да се однесува исклучиво на нивните членови и тие податоци нема да бидат откриени на трети лица, без согласност на субјектот на лични податоци. Меѓутоа, што се случува овде. Ако вие сте член, работите во рамките на одредена установа, ако вие сте член на некое здружение, граѓанско здружение од било каков вид, или на некаква непрофитна институција, тогаш под изговор дека некој врши политички истражувања, верски истражувања, сидникални истражувања, или, не знам, здравствени истражувања, може многу лесно, само заради тоа што сте вие член на тоа здружение или работите во одредена установа, да бидете предмет каде што без ваша согласност и покрај забраната може некој да располага и да навлегува во вашата интима, во вашите лични податоци.

Овде сакам да истакнам дека апсолутно не може во име на субјектот на податоците некој друг да врши навлегување во тие посебни категории на лични податоци. Друга ситуација, каде што може некој да навлезе во овие посебни категории на ваши лични податоци е ако е тоа потребно за цели на медицинска превенција, дијагноза, лекување или управување со јавна здравствена организација. Сите знаеме на каков начин се именуваат членовите на управните одбори, сите знаеме на кој начин се именуваат директорите на јавните здравствени установи и на овој начин може секој заради незнам какви интереси кои се спротивни на интересите на заштитата на вашите слободи и права, да може да ги користи вашите податоци под изговор дека со тоа се внимава дали може да се направи превенција од оваа или онаа болест или да се определи генерално дијагностицирање на состојбата од

одредена област, или за да се определи начинот на кој што треба да се управува со одредена јавна здравствена установа. Значи единствен услов кој се поставува во овој закон е тоа да го прави лице чија професија е давање здравствена заштита под заклетва на чување на тајност. Значи, со ова се дерогира и воопшто потребата вие да определувате матичен лекар каде што ќе можете да ја доверите и да ја искажете својата здравствена состојба или да дадете податоци за вашето здравје, како и во однос на професијата која што ја вршите, а која што се однесува во контекст на овие цели кои што треба да се постигнат согласно овој закон. Значи, без согласност на субјектот и во овој случај некој може да навлезе во овие посебни категории на лични податоци. На тој начин, јас се прашувам каква е таа забрана за обработка на посебните категории на лични податоци кога и по еден и по друг основ тоа може да се случи без никаков проблем.

Понатаму, моја забелешка во контекст на ова е дека одредбата од последниот став на овој член дека посебните категории на лични податоци можат да се пренесуваат преку телекомуникациска мрежа и тоа само доколку се посебно заштитени со криптографски методи така што нема да бидат читливи при преносот. Овде воопшто не е нагласено дека треба да даде некој согласност, како податоците за неговото здравје на пример или за неговата суксексуална определба, активност итн. да бидат пренесувани преку телекомуникациска мрежа.

Овие работи навистина во целина ја дерогираат уставната обврска за заштита на слободите и правата на граѓанинот, а истовремено директно навлегуваат во длабоката приватност на граѓанинот и од тој аспект сметам дека на овој начин самата цел која што ја дефинирал предлагачот на овој закон се дерогира во целина, затоа што ако целта е заштита на приватноста и заштита на слободите и правата на граѓаните на Република Македонија , тогаш со навлегувањето и исклучоците во кои без согласност и без забрана може да се навлезе во личната интима на секој поединец не значи ништо друго туку целосно овластување или дискреционо овластување на институциите кои се занимаваат со ваква обработка и прибирање вакви податоци да можат кога сакаат, за кого сакаат и што сакаат да дознаат. Што е најлошо, тоа може да излезе во јавност, може да се злоупотреби на различни начини и на тој начин сите ние се доведуваме во една ситуација во која немаме сигурност во поглед на заштитата на нашата приватност, во поглед на заштита на нашите човекови права.

Исто така, во членот 10 од овој Закон стои дека “кога податоците се прибираат од субјектот на лични податоци” , значи од оној за кого тие податоци се однесуваат,

тој мора да биде информиран за индентитетот на контролорот, како и за целите на обработката. Меѓутоа, овде не стои кога податоците не се прибираат од субјектот, туку се прибираат од други извори, од други институции и од контролорот кој што ги вршти тие свои обврски што се предвидени во различни закони кои се важечки, дека субјектот треба да биде информиран дека за него се прибираат податоци и каква е целта на прибирањето на тие податоци, односно на обработката на тие податоци затоа што прибирањето на ваков вид податоци може да биде и законска обврска.

Понатаму, во последниот став од овој член стои дека контролорот, односно оној кој што го врши прибирањето и обработката на податоците ќе го информира субјектот на лични податоци за правото на пристап и исправка на податоците , меѓутоа, овде стои една запирка и вели “доколку е тоа неопходно имајќи ги во предвид посебните околности под кои се прибираат личните податоци, а се со цел да се обезбеди праведна обработка на неговите лични податоци”. Значи дали е неопходно вие да знаете или да не знаете дека за вас се обработуваат одредени податоци, дека за вас се прибираат одредени податоци, одлучува оној кој што ги прибира и оној кој што има задача да ги прибере, а вие не мора да знаете затоа што можно е да утврди тој контролор дека тоа не е неопходно, а кога е неопходно, кога не е неопходно тоа воопшто не е дефинирано со овој Закон.

Во овој Закон стои една одредба која ја поздравувам и која навистина е добра, а тоа е дека субјектот на лични податоци може со писмено барање да оствари увид во збирката на лични податоци со претходно наведување  на податоците од збирката со кои сака да се запознае. Тоа претходно наведување на податоците, ако знае кои се податоците кои се прибрани, тогаш нема потреба да поднесува барање, значи нема потреба тоа да се наведува дека тој претходно треба да знае и да се каже јас барам тие  и тие податоци од збирката да ми бидат доставени, туку ако веќе постои таква можност или такво право кое што му се дава на граѓанинот, тој да може да се запознае со вкупниот број на податоци и сите видови податоци кои се однесуваат на неговата личност и кои се прибрани по различни основи. Во тој случај сметам дека овде треба да се направи корекција на Законот во смисла на тоа дека во секој случај субјектот на лични податоци може со писмено барање да оствари увид во збирката на лични податоци, без да стои дека претходно треба да биде наведено кои податоци од збирката се тие со кои тој сака да се запознае. Затоа, и овде има временско ограничување, затоа што кога контролорот, оној кој што ги прибира овие податоци одговара на барањето на субјектот на лични податоци

односно на лицето за кое се прибрани овие податоци, овој контролор нема обврска да одговори на исто или слично барање на тој субјект ако во меѓувреме нема промени во личните податоци, што е нормално, меѓутоа, тоа може со известување да се направи дека не постојат промени од претходното известување кое го дал контролорот, освен, вели, ако изминале шест месеци од денот на доставувањето на претходното барање до новото барање. Значи со ова се ограничува временски, доколку има измени во податоците, тогаш фактички му се дава можност на субјектот за кој се обработуваат и прибираат податоци само два пати годишно да може да поднесе вакво барање и тогаш да добие известување за податоците кои се прибрани за него. Јас сметам дека ова навистина претставува долг рок, затоа што ако земеме предвид за каков вид податоци станува збор, тие се менуваат многу почесто отколку овие шест месеци кои се наведени во овој закон, јас сум свесен за целта на временското ограничување кое што го предлага Министерството, дека со ова се сака да се оневозможи субјектот постојано и многу често да бара вакви изводи од својата збирка на податоци, меѓутоа, сепак тоа треба да биде разумен временски период затоа што два пати во текот на една година навистина претставува еден многу мал временски простор кој што треба да значи запознавање со податоците кои се прибрани за него.

Понатаму навистина контролорот или лицето и институцијата, односно лицето одговорно за прибирање за овие податоци и за нивна обработка, има многу значајна улога затоа што во негови раце се податоците за сите оние субјекти за кои се врши прибирање и обработка на податоци и сметам дека во одредбата од членот 14 одговорноста кај контролорот постои, ако обработката на овие податоци не е во согласност со одредбите на овој закон, а за каква одговорност станува збор не е наведено. Останува да се повикуваме на завршните одредби каде што е наведена казна за лицето кое е овластено да навлегува во овие податоци од 40.000 до 50.000 денари. Сметам дека ова не може да претставува сатисфакција за штетата која може да се предизвика непочитувајќи ги одредбите од овој Закон и воопшто непочитувајќи ги правата на субјектот на податоци, ако се направи злоупотреба на тие податоци, затоа што нема цена која може да се плати доколку се злоупотребат за одредена личност.

Во членот 15 се потврдува тенденцијата која ја кажав на почетокот на овој закон а тоа е дека постои заштита на личните податоци, меѓутоа, постојат и еден куп исклучоци кои заштитата ја дерогираат во целина. Така во овој член стои дека правата и обврските утврдени со одредбите на четири членови кои се однесуваат на

општите и посебните податоци за личноста, можат да се ограничат. Значи на страна на оние посебни случаи на ограничување што ги спомнав, сега имате нов вид на ограничување кое произлегува од заштиата на безбедноста и одбраната и државата и ова второто, што е многу интересно вели “заради превенција, откирвање и гонење на сторители на кривични дела”. Кога се вели “откривање и гонење” има логика некаде дека треба да се употребуваат некои податоци за да може согласно уставните и законските рамки, кои се дадени на Министерството за внатрешни работи и на Јавното обвинителство да се реализираат одредени активности, меѓутоа, заради превенција да нема заштита на приватноста воопшто на ниту еден граѓанин на Република Македонија , тоа не можам да го прифатам.

Исто така, во контекст на овие генерални ограничувања, кои постојат за сите овие видови податоци во целина, стои една алинеја “заради заштита од повреда на етички правила на одредена професија”. Јас не знам како може ова да се толкува. Значи субјектот кој што врши прибирање на податоци за вас, кој има право да врши обработка на вашите податоци, заради тоа што ќе оцени дека треба да се заштитат од повреда некои етички правила, јас не знам за какви етички правила станува збор, и пишува “на одредена професија” , јас не знам за каква професија станува збор, ова значи дека овој закон се носи со цел да се покаже и пред Европската унија и пред сите други кои се занимаваат со оваа проблематика дека Владата има добри намери во оваа област, меѓутоа, не сака да спроведе ниту буква или реченица од она што претставува стандарди на Европската унија, затоа што ваквиот вид на ограничување во користењето, обработката и навлегувањето во личните аспекти на нечие живеење, на нечии морални и други односи, не значи ништо друго туку отворање широк простор во контекст на набљудување на државата на секој граѓанин во секоја област, вклучувајќи ја и неговата најголема интима.

Друго ограничување кое стои во овој закон е заради заштита на важни економски и финансиски интереси на државата. Значи заради важни економски интереси на државата, што исто така не е прецизирано кои се тие важни економски интереси, за некого може да биде важен економски интерес една работа, за друг сосема друга работа. Секој може да навлегува во овие податоци.

И уште една алинеја која значи генерално ограничување од овие правила, тоа е заради заштита на субјектот на лични податоци или правата и слободите на граѓаните. Значи без согласност, без почитување на забраната која важи за посебните видови податоци, затоа што некој сака да ве заштити вас, може да влезе во вашите податоци без претходно да ве праша дали ви е потербна вам таква

заштита , затоа што ако земеме предвид на кој начин се врши заштитата на слободите и правата на граѓаните во Република Македонија , тогаш многу голем дел од граѓаните ќе се заблагодарат на грижата од државата за заштита на слободите и правата на овој начин.

Во членот 16 имате веднаш отстапување и од онаа можност која ја поздравив пред малку, а која се однесува на тоа дека контролорот има обврска, по барање на субјектот на лични податоци, согласно членот 12 на овој закон, да му даде на тој субјект податоци кои ги бара, а кои се однесуваат на него и тоа два пати годишно. Во членот 16 стои дека контролорот нема да постапи по барањето кога е овластен согласно законот и ако личните податоци се обработуваат исклучиво во научни истражувања, за статистички цели итн. Јас овде би се прашал навистина зошто во овој закон не се водело сметка дека овде постојат личности со име и презиме чии податоци се прибираат, чии податоци се обраборуваат и некој да се сетел дека таа личност треба да даде некаква согласност за државата да може да навлегува во овие податоци. Сега со овој член нема да може да има ниту увид во оние податоци кои за него се собрани или се обработуваат. И најголемата работа која навистина вреди да се истакне за да се види искреноста при предлагањето на овој закон, односно при предлагањето на ваков закон, затоа што овој закон по самата функција што треба да ја постигне, своите цели кои треба да ги постигне треба да биде за поздравување, меѓутоа, закон со ваква содржина воопшто не заслужува поддршка. Значи за да биде заштитен некој граѓанин од самоволноста на контролорот или од навлегувањето во неговата приватност од страна на Владата и владините институции се грижи Дирекција за заштита на личните податоци. Тоа не е спорно, меѓутоа, доколку контролорот ви ги повреди вашите права, вие треба да поднесете барање за утврдување за повреда на правото до Комисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Сега што е овде спорно? Комисијата е составена од претседател и двајца членови кои ги именува директорот на Дирекцијата, а жалбата против решението кое што го носи оваа Комисија, составена од лица кои ги именувал директорот, се доставува до директорот на Дирекцијата. Директорот ја именува Комисијата, доставувате барање до Комисијата и се жалите до оној кој ја именувал таа Комисија, што не е ни уставно. А за да биде уште почудно ова решение, директорот на Дирекцијата се именува на предлог на Владата. Значи Владата ви ги повредува вашите права, вие се жалите до комисија која е именувана од директорот на Дирекцијата, кој е именуван или е по предлог на истата таа Влада. За каква заштита на човековите права и слободи, индивидуалните права и слободи

на секој поединец во Република Македонија можеме да зборуваме во ваков случај? Единствено што ви останува, после макотрпна процедура која треба да ја поминете, која треба да оди во управен спор до Врховен суд е правото на надомест на штета, која може да се бара односно да се утврди кај контролорот поради неовластено користење, односно неовластено давање на користење на личните податоци на други корисници, како што е наведено, или на други физички и правни лица. Навистина, верувајте ова не претставува никаква заштита на моите индивидуални права и слободи.

Понатаму, одговорноста за овие податоци, за тајноста на овие податоци и за нивното користење ја има контролорот. Меѓутоа, во членот 25 стои дека контролорот одредени работи од својата надлежност може да ги пренесе на обработувачот на збирка на лични податоци, значи оној кој што работи на таа збирка, вели во овој закон, доколку обработувачот гарантира дека ќе ги превземе техничките и организациските мерки за заштита на обработката на личните податоци и истите ќе ги почитува во целина. Значи обработувачот да рече јас гарантирам дека за податоците за кои одговара контролорот, оној кој ги собира и кој ги обработува тие податоци за било кој поединец, контролорот слободно може да му ги даде на секој обработувач.

Обработувач на вакви податоци може да биде буквално секој оној како што може да се јави некаква потреба од различни аспекти за обработување на одредена збирка на податоци. Значи, сигурност не постои.

Понатаму, во контекст на преносот на лични податоци во други држави дека тоа може да се изврши само доколку другата држава обезбеди соодветен степен на заштита на лични податоци. Овде се согласувам дека ова треба да биде една од причините за да се спречи давањето на податоци во други држави доколку не постои степен на заштита. Меѓутоа, никаде не постои причина за да се пренесуваат ваквиот вид на податоци во други држави. Значи, треба да биде наведено, ако ништо друго во кои случаи, од кои причини може да се користат овие збирки на податоци за поединци, за правни лица, да бидат дадени на други држави, односно зошто тоа не е направено на начин во кој што може да се вклучи некое независно тело кое што треба дополнително да води грижа за правата на оние чии податоци се обработуваат.

Членот 37 кој што го спомнав пред малку се однесува на раководењето со Дирекцијата која што врши надзор над законитоста, значи на превземените активности при обработување на личните податоци на територијата на Република

Македонија. Со Дирекцијата, како што реков и пред малку, раководи директор кој што го именува и разрешува Собранието на предлог на Владата на Република Македонија. Тој се именува за време од 5 години и одговара пред Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, покрај сите оние надлежности кои што се наведени во членот 41 кои што ги има Дирекцијата, а тие се верувајте многу значајни. Јас не сакам да ја оптоварувам оваа седница со читање на сите овие надлежности за да знаете што се работи таа Дирекција и што се може да има како овластување во Република Македонија. Паѓа во очи една алинеја која што кажува дека Дирекцијата истражува и има пристап до збирките на лични податоци оформени од контролорот во вид на субјекти и цели. Што значи ова? Владата го предлага директорот на оваа Дирекција, парламентарното мнозинство составено од коалиционите партнери и од Владата го изгласува и тој директор, или некој од вработените кои што тој ќе ги вработи по партиска, или незнам каков друг клуч, има право без никакви ограничувања, без никакви проблеми да истражува за податоците кои што се собрани, да има пристап до збирките на личните податоци, значи секакви и по вид на субјекти и по цели. Во секој момент може Владата да има на тацна се она со кое што сака да дискредитира било кој поединец, или да дискредитира било кое правно лице. Целта на овој закон е заштита на поединците и правните лица од Владата и од владините институции. Ако целта беше заштита на Владата, односно покривање со закон за нејзините активности кои што ги врши, тогаш јас сметам дека овој закон воопшто не требаше ниту да се предлага на овој начин. Да не должам многу, она што го спомнав е тоа дека казните за сите овие повреди и за злоупотребите на вашите лични податоци кои што ќе бидат собрани и обработувани, за оној кој што ги води, односно контролорот изнесуваат од 40 до 50 илјади денари, дека правното лице одговара со казна од 200 до 300 илјади денари и на тој начин на овој износ може да очекувате секакви повреди на човековите права и слободи, на влегување во интимноста на секој поединец без гаранции, без прецизно утврдени податоци, можности, услови под кои што може тоа да се направи. Јас не без цел ги спомнав искуствата од другите држави кои што навистина се потрудил предлагачот ги дал како податоци. И имајки ги во предвид овие податоци и истакнувањето, ставањето на акцент на заштитата на приватноста на поединецот во сите овие закони, во сите овие европски држави и овие кои што веќе стануваат кандидати за членки во Европската унија како што е на пример Република Хрватска, ништо друго не требаше да направи Владата на Република Македонија освен исто така, да го истакне на пиедестал, да ја истакне заштитата на приватноста на поединецот,

заштитата на приватноста на правните лица и под точно дефинирани услови во точно определени случаи, за точно определени цели да може да се врши прибирање, обработка на податоци освен оние кои што произлегуваат од закони кои што се однесуваат на трудовото право, кои што се однесуваат на некои други прашања од областа на социјалното, или друг тип на осигурување. Затоа сметам дека добро би било и за Република Македонија и за нејзиниот углед, Владата да го повлече законот од оваа седница, уште еднаш да ги преиспита овие одредби кои што се наведени во него. Јас сум сигурен дека овој Парламент едногласно ќе се заложи да се донесе закон за заштита на лични податоци, меѓутоа тоа да биде закон за заштита, а не закон со кој што ќе може неограничено да се навлегува во личните податоци на секој граѓанин на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули, имате реплика три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Многу е тешко во три минути се да се каже. Јас не сакав да подготвувам посебна дискусија, бидејќи сега зборуваме за текстот. Сега најмалку зборувавме за текстот. Но, да се обидам нешто да кажам. Она што на крајот го кажа колегата Стојаноски е дека најдобро е Владата да го повлече овој закон и веројатно во Европска унија ќе влеземе во 2560-та година доколку на власт се некоја друга политичка партија, или коалиција. За среќа во Република Македонија на власт е една друга коалиција која што законите ги подготвува сосема темелно, стабилно, конкретно, коегзистентно и апсолутно позитивно како што е пример овој закон. Можеби не можат да се издвојат да речеме многу закони кои се толку добро подготвени, но овој закон тоа посебно го заслужува. И мислам дека денеска кога имаме и ратификација за автоматската обработка, заштитата од автоматската обработка на личните податоци, треба да бидеме горди што носиме уште еден закон од множеството закони за хармонизација со Европската унија. Законот апсолутно е во согласност со директивата 9546 бидејки јас тука ја имам и англиската верзија. И сега ние можеме да дебатираме тука и со денови, но некој ако не ја погледнал таа директива, или оние работи што се бараат од нас, не можеме да се убедуваме. Клучен проблем кога носите вакви закони, или клучен проблем со масовното прифаќање на информатичкото општество е паранојата што постои кај луѓето, посебно кај оние што, да речеме се плашат од новите технологии. Овој закон апсолутно го тангира и тој дел. Паранојата кај граѓаните дека можеби некој нас не гледа, или со примената на новите технологии, да го цитирам колегата пратеник што

зборуваше: ќе влезе во нашата интима. Апсолутно мислам законот е за заштита од такви работи и за контрола на Владата при автоматската обработката на личните податоци. Покрај тоа Европслата комисија и експертите од Европската комисија позитивно го оцениле овој закон и знаат дека се инкорпорирани сите работи што се кажани. И не е толку едноставна задачата на директорот и на Дирекцијата, туку има множество подзаконски акти и активности што треба Дирекцијата потоа да ги преземе и кој ќе ги контролира сите тие работи. И денеска со технологијата можете да влезете секаде и влегува народ секаде, но работата е како тоа најдобро да го направите и како да се заштитите и како потоа ќе работите. Затоа, нема потреба од повлекување, нашиот пат е во Европа. Ние треба да носиме закони, да хармонизираме закони со европското законодавство, а не да дебатираме по три години овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика, една минута г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Токму за тоа се работи дека, ако некој сака да ги користи податоците кои што се прибрани, а се однесуваат на, како што спомнав и порано, здравствената состојба, сексуалната определба, верската, политичката, расната определба, синдикалната ангажираност на одредено лице, тоа мора да биде максимално заштитено. Ова особено и со фактот, еве објаснете ми што подразбирате вие дека тоа може да се тргне на страна, ако се работи за работи од јавен интере, или ако некој даде службено овластување на контролорот. Кој е тој кој што дава службено овластување на контролорот и кои се тие работи од јавен интерес кои што претставуваат основа за да може вие да навлегувате, односно институциите кои што задолжени за оваа проблематика да навлегуваат во приватноста на поединецот. Не сакам да должам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Имам впечаток дека на дневен ред веќе доаѓаат некои закони кои како да претставуваат наследство од поранешниот премиер кој што беше познат во македонската јавност како душкало. И еве, сега овој закон без оглед, иако сум искрено уверен дека актуелниот министер за внатрешни работи најверојатно го добил. Мислам дека актуелниот министер го има овој Предлог закон наследено на неговата работна маса. Јас го сваќам и г-динот Макрадули во дел од она што го

искажа во сопствената реплика. Но, не ми е јасно првенствено зошто Министерството за внатрешни работи се јавува како предлагач без оглед што Република Македонија секако се обидува да го хармонизира своето законодавство. Сепак, Република Македонија мора да инсистира, како што тоа го прават и другите земји, да инсистира на својата различност, значи на својата индивидуална позиција. Можеби ќе беше поумесно овој Предлог закон пред пратениците да се најдеше подготвен од Министерството за правда, затоа што Министерството за внатрешни работи во минатото се сеќаваме како располагаше на пример со податоците кои се во негова надлежност. Советникот за односи со јавност ги брифира новинарите против кого е поднесена кривична пријава, опишувајки го јасно случајот и кажувајки ги само иницијалите. И сето тоа со една блажена насмевка на тогашната индивидуа која беше советник за комуникации при Минисатерството за внатрешни работи. Значи, за да се поштеди Министерството за внатрешни работи и во иднина да се доведуваат во сомнеж одредени по службена должност операции кои мора да ги презема, мислам дека ќе беше поупатно Министерството за правда да се јавеше како предлагач на овој закон. Затоа што во законскиот текст единствено што може да претставува исклучок, а во земјите на Европската унија некаде и претставува исклучок. Токму во Велика Британија тоа претставуваше исклучок кога станува збор за националната безбедност. Значи, не постојат никакви лични податоци кои ја нарушуваат приватноста на граѓанинот. Државата ги превзема сите неопходни мерки доколку станува збор за прашања од националната безбедност за да ги провери сите неопходни податоци кои таа смета дека треба да ги провери. Дебатата и во Европската унија и во САД се одвиваше токму во оваа насока, затоа што неколку земји меѓу кои и Велика Британија. Но, неодамна да ве потсетам, Врховниот суд на Велика Британија ја укина таквата можност за постоење на законот врзан токму кога станува збор за прашањето за национална безбедност. Овде во Предлог законот кој е пред нас станува збор за јавен интерес . Значи, терминот јавен интерес во сфера кога станува збор за индивидуални податоци без оглед како би се користеле, или како ќе се заштитуваат, терминот јавен интерес апсолутно не е дефиниран. Што е она што за контролорот, или за надлежен орган оној кој издава службено овластување, а ние не знаеме кој е тој што издава. Службено овластување претставува јавен интерес. Своевремено дел од институциите на системот во Република Македонија под јавен интерес сметаат дека треба да се трошат буџетски пари за да се направи досието темелно. Можеби во иднина некој ќе смета дека јавен интерес е да се забрани функционирањето на политички партии во Република

Македонија со комунистички предзнак, да речеме. Значи јавниот интерес е доста дискутабилна работа, но не може да биде дискутабилна кога станува збор за средства од Буџетот. Овде е многу интересен терминот контролорот и начинот на кој тој располага со личните податоци кој може да постапи со оглед на тоа како е законското решение по службено овластување. Не е дефинирано кој го издава службеното овластување. И ова, контролорот доста симпатично звучи, потсетува на некои искуства за кои мислевме дека се завршени. Инаку, не ми е јасно она што г-динот Макрадули значи, делумно се согласи по делот што не се согласи со неговата реплика. Не ми е јасно како Владата ја има улогата да ги штити личните податоци кога Владата го предлага директорот на Дирекцијата. И сосема е јасно дека оној што е предложен од Владата без оглед како ќе реагира, или нема да реагира парламентарното мнозинство во Собранието, Владата не може да биде контролирана од орган кој е назначен токму од неа, односно предложен од неа, а избран од Собранието на Република Македонија. Значи, не постои коректив овде, не постои независен орган.

Ако добро го следевте г-динот Стојаноски, земјите кои ги набројуваше и нивните примери, сепак датираат од крајот на 90-тите години, значи во рамките на Европската унија на земјите членки на Европската унија во нивното искуство сепак претходеле одреден број расправи, дилеми и конечно почнале да кулминираат со завршувањето на деценијата. Мислам дека Република Македонија исто така, треба да помине можеби низ една таква фаза, без оглед на хармонизацијата. И најумесно ќе биде во интерес на забелешките кои ги кажа во поглед на тоа дека навистина сметам дека предлагачот во име на Владата, во овој случај Министерството за внатрешни работи е несреќно одбрано решение. Мислам дека Министерството за правда сепак треба да се појави како предлагач на овој закон.

И дилемите околу надлежностите на контролорот и службеното овластување како тој мисли да располага со личните податоци. Значи, намерата на Вадата не може да оди во насока дека таа ќе ги штити личните податоци на граѓаните, затоа што во крајна линија првиот човек на оваа Дирекција е поставен, предложен токму од Владата. Не постои  всушност принципот на контрола. Не може оној што го предлага директорот, истиот тој директор кој ќе биде избран да ги штити граѓаните од институцијата која го предложила за таква позиција. Мислам дека во Европската унија нема да му се налутат ниту на г-динот Макрадули, ниту на некој друг овде, доколку денеска решиме да го повлечеме законот од дневен ред и да размислиме барем за неколку отворени прашања во поглед на надлежностите, службените

овластувања и правата и обврските на контролорот и особено заради достоинството на припадниците на Министерството за внатрешни работи и заради веродостојноста во намерата во институциите на системот во Република Македонија да ги бранат, унапредуваат и чуваат индивидуалните права и слободи на граѓаните. Можеби во скора иднина како предлагач на овој закон да се јави Министерството за правда, земајќи ги во предвид особено сериозно забелешките дека не може оној што го предлага извршниот орган во оваа Дирекција истовремено во иднина да се јавува и како главен чувар токму од Владата која е предлагач.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули, реплика три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во интерес на јавноста да укажам на некои работи. Една од карактеристиките на независна институција е тоа што таа се бира во Собранието на предлог на Владата или на Комисијата за избори и именувања.

Самиот чин на изборот на институцијата, во овој случај на директорот ќе се врши овде, во Собранието на Република Македонија. И, ние ќе бидеме сведоци дека во една собраниска расправа ќе оцениме дали тој директор што е предложен ги задоволува критериумите и можеме нему да му веруваме како институција.

Таквата работа и тој предлог ќе ги дискутираме овде и изборот ќе биде од страна на Собранието. Ниту ќе биде предлогот на Министерството за внатрешни работи, нити на Министерството за правда, без разлика кој и да беше предлагач на ова, сомнежите ќе беа секако.

Во услови кога Европската комисија и експерти за тоа ни кажуваат дека законот е добар, јас затоа велам дека никој нема да ни се налути, но сигурно ќе добиеме повеќе плусеви во одговорите на прашалникот кога во агендата или во одговорите ќе наведеме закон што е одобрен од Европската комисија дека ги задоволува сите критериуми што се таму пропишани.

И, бидејќи заборавив, да се вратам на она што се однесува на директорот, неговата работа ќе ја гледаме тука во годишните извештаи, во Собранието на Република Македонија. Таа транспарентност ни гарантира и е една од компонентите што ја прави една агенција, или тело, или институција да велиме дека е независна.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам

Имате збор господине Трендафилов, една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитуван господине Макрадули, зарем вие верувате дека актуелниот Народен правобранител, господинот Иџет Мемети е експерт и независен, независен оран во уставно - правниот поредок во Република Македонија. Самата ваша насмевка ни кажува дека вие сепак не верувате во ова што го кажувате. За да ме демантирате кажете три примери на сериозни предлози на Владата на Република Македонија за носители на функции кои вие овде како парламентарно мнозинство сте ви вратиле назад.

Во Европската унија нема никој да се налути, напротив, со една ваква порака, на 31-ви вице премиерот кажа дека се' ќе биде завршено, само ќе докажеме дека сериозно внимаваме на индивидуалните права и слободи. Затоа и го повлекуваме како Собрание, односно Владата го повлекува овој предлог од дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Интересен е примерот со правобранителот, бидејќи претходниот правобранител кој што исто така беше избран во Собранието на Република Македонија, опозицијата му даде најголеми оценки кога си заминуваше. Така да, јас верувам дека тоа може да се случи. Исклучокот го потврдува правилото.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ја затворам работата на денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот)